- еден претставник избран на одржан заеднички состанок на кој присуствавале најмалку две третини од номинирани лица од органот кој раководи со организациите за потрошувачи од општините и градот Скопје што постојат на делот од подрачјето на речниот слив на реката Вардар, со просто мнозинство; и
- еден претставник на предлог на Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

Член 5

(1) Составот на Советот за управување со подрачје на речен слив на реката Црн Дрим се состои од најмногу 35 члена.

(2) Членовите се номинираат на следниот начин:
- еден претставник на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина;
- еден претставник на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на земјоделството;
- еден претставник на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството;
- еден претставник на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на транспорт и врски;
- по еден претставник на предлог на градоначалникот на Ресен, Охрид, Струга и Дебар;
- по еден претставник на предлог на раководниот орган на водостопанствата и јавните водостопански претпријатија кои постојат на подрачјето на речниот слив на реката Црн Дрим ;
- еден претставник на предлог на директорот на Управата за хидрометеоролошки работи;
- еден претставник на предлог на органот на управување на Хидробиолошкиот завод од Охрид;
- еден претставник на предлог на директорот на Центарот за управување со кризи;
- еден претставник на предлог на директорот на Дирекцијата за заштита и спасување;
- по еден претставник на предлог на органот на управување на заштитени подрачја (националните паркови и споменици на природата) кои се наоѓаат на подрачјето на речниот слив на реката Црн Дрим;
- еден претставник на предлог на Стопанската комора на Македонија од редот на управувачите на хидроелектричните централи кои се членки на здружението за енергетика, што постојат на делот од подрачјето на речниот слив на реката Црн Дрим;
- два претставника на предлог на здруженија на невладини организации кои делуваат во областа на заштита на животната средина, а кои имаат седиште на подрачјето на речниот слив на реката Црн Дрим, избрани на заеднички состанок кој е одржан врз основа на јавен повик објавен на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање, со просто мнозинство;
- два претставника од водните заедници на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на земјоделството или во случај кога не постојат водни заедници во подрачјето на речниот слив на реката Црн Дрим тогаш лицата се номинираат од страна на Сојузот на земјоделци на Република Македонија;
- еден претставник на предлог на Сојузот на риболовни друштва на Република Македонија;
- еден претставник на предлог на Здружението на даватели на комунални услуги „АДКОМ“ Скопје од редот на правните лице кои вршат услуги на водоснабдување и одведување и третман на отпадни води во општините од подрачјето на речниот слив на реката Црн Дрим;
- по еден претставник на предлог на Стопанските комори формирани во Република Македонија од редот на поголемите индустриски капацитети кои делуваат на подрачјето на речниот слив на реката Црн Дрим, а кои користат вода и испуштаат отпадни води;
- еден претставник избран на одржан заеднички состанок на кој присуствувале најмалку две третини од номинирани лица од органот кој раководи со организациите за потрошувачи од општините што постојат на подрачјето на речниот слив на реката Црн Дрим, со просто мнозинство од присутните;
- еден претставник на предлог на Заедницата на единиците на локалната самоуправа од редот на општините, кои се наоѓаат во подрачјето на речниот слив на реката Црн Дрим, кои не се наведени во став (2) алинеја 5 на овој член; и
- по еден претставник на предлог на Советот за управување со дел од подрачје на речен слив Црн Дрим.

Член 6

(1) Составот на Советот за управување со дел од подрачје на речен слив на реката Црн Дрим се состои најмногу од 25 члена.

(2) Членовите се номинираат на следниот начин:
- еден претставник на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина;
- еден претставник на предлог на секој градоначалник на општината од делот од подрачјето на речниот слив на реката Црн Дрим;
- еден претставник на предлог на директорот на Управата за хидрометеоролошки работи;

- еден претставник на предлог на органот на управување на Хидробиолошкиот завод од Охрид;
- еден претставник на предлог на здруженија на невладини организации кои делуваат во областа на заштита на животната средина избран на заеднички состанок кој е одржан врз основа на јавен повик објавен на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање, со просто мнозинство;
- по еден претставник на предлог на раководниот орган на правните лица кои вршат услуги на водоснабдување и одведување и третман на отпадни води во општините кои постојат во делот на подрачјето на речниот слив на реката Црн Дрим;
-по еден претставник на предлог на раководниот орган на водостпанствата и Јавните водостопански претпријатија кои постојат на подрачјето на делот од речниот слив на реката Црн Дрим;
- еден претставник од водните заедници на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на земјоделството или во случај кога не постојат водни заедници во делот од подрачјето на речниот слив на реката Црн Дрим тогаш лицето се номинира од страна на Сојузот на земјоделци на Република Македонија;
- еден претставник на предлог на органите на управување со заштитени подрачја што постојат на делот од подрачјето на речниот слив на реката Црн Дрим;
- еден претставник на предлог на Сојузот на риболовни друштва на Република Македонија;
- еден претставник на предлог на Стопанската комора на Македонија, од редот на управувачите на хидроелектричните централи кои се членки на здружението за енергетика, што постојат на делот од подрачјето на речниот слив на реката Црн Дрим;
- по еден претставник на предлог на Стопанските комори формирани во Република Македонија од редот на големите индустриски капацитети кои делуваат на делот од подрачјето на речниот слив на реката Црн Дрим, а кои користат вода и испуштаат отпадни води;
- еден претставник избран на одржан заеднички состанок на кој присуствавале најмалку две третини на номинирани лица од органот кој раководи со организациите за потрошувачи кои постојат во општините на делот од подрачјето на речниот слив на реката Црн Дрим, со просто мнозинство ; и
- еден претставник на предлог на Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

Член 7

(1) Составот на Советот за управување со подрачје на речен слив на реката Струмица се состои од најмногу 35 члена.

(2) Членови се номинираат на следниот начин:
- еден претставник на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина;
- еден претставник на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на земјоделството;
- еден претставник на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството;
- еден претставник на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на транспорт и врски;
- по еден претставник на предлог на градоначалникот на Струмица и Радовиш;
- два претставника избрани на одржан заеднички состанок на кој присуствувале најмалку две третини на номинирани лица од органот на управување со водостопанствата односно јавните водостопански претпријатија кои постојат на подрачјето на речниот слив на реката Струмица, со просто мнозинство;
- еден претставник на предлог на директорот на Управата за хидрометеоролошки работи;
- еден претставник на предлог на органот на управување на Хидробиолошкиот завод од Охрид;
- еден претставник на Предлог на директорот на Центарот за управување со кризи;
- еден претставник на предлог на директорот на Дирекцијата за заштита и спасување;
-по еден претставник на предлог на органот на управување на заштитени подрачја (националните паркови и споменици на природата)кои се наоѓаат на подрачјето на речниот слив на реката Струмица;
- еден претставник на предлог на Стопанската комора на Македонија, од редот на управувачите на хидроелектричните централи кои се членки на здружението за енергетика, што постојат на подрачјето на речниот слив на реката Струмица;
- два претставника на предлог на здруженија на невладини организации кои делуваат во областа на заштита на животната средина, а кои имаат седиште на подрачјето на речниот слив на реката Струмица, избрани на заеднички состанок кој е одржан врз основа на на јавен повик објавен на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање, со просто мнозинство;
- два претставника од водните заедници на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на земјоделството или во случај кога не постојат водни заедници во подрачјето на речниот слив на реката Струмица тогаш лицата се номинираат од страна на Сојузот на земјоделци на Република Македонија;
- еден претставник на предлог на Сојузот на риболовни друштва на Република Македонија;
- еден претставник на предлог на Здружението на даватели на комунални услуги „АДКОМ„ Скопје од редот на правните лице кои вршат услуги на водоснабдување и одведување и третман на отпадни води во општините од подрачјето на речниот слив на реката Струмица;
- по еден претставник на предлог на Стопанските комори формирани во Република Македонија од редот на поголемите индустриски капацитети кои делуваат на подрачјето на речниот слив на реката Струмица, а кои користат вода и испуштаат отпадни води;
- еден претставник избран на одржан заеднички состанок на кој присуствувале најмалку две третини на номинирани лица од органот кој раководи со организациите за потрошувачи кои постојат во општините на подрачјето на речниот слив на реката Струмица, со просто мнозинство;
- еден претставник на предлог на Заедницата на единиците на локалната самоуправа од редот на општините кои не се наведени во став (2) алинеја 5 на овој член;
- по еден претставник на предлог на Советот за управување со дел од подрачје на речен слив Струмица.

Член 8

(1) Составот на Советот за управување со дел од подрачје на речен слив Струмица се состои од најмногу 25 члена.

(2) Членовите се номинираат на следниот начин:
- еден претставник на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина;
- еден претставник на предлог на секој градоначалник на општината од делот од подрачјето на речниот слив на реката Струмица;
- еден претставник на предлог на директорот на Управата за хидрометеоролошки работи;

- еден претставник на предлог на здруженија на невладини организации кои делуваат во областа на заштита на животната средина избран на заеднички состанок кој е одржан врз основа на јавен повик објавен на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање, со просто мнозинство;

- по еден претставник на предлог на раководниот орган на правните лице кои вршат услуги на водоснабдување и одведување и третман на отпадни води во општините кои постојат на делот од подрачјето на речниот слив на реката Струмица;

- по еден претставник на предлог на раководниот орган на водостпанствата и јавните водостопански претпријатија кои постојат на подрачјето на делот од речниот слив на реката Струмица;

- еден претставник од водните заедници на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на земјоделството или во случај кога не постојат водни заедници во делот од подрачјето на речниот слив на реката Струмица тогаш лицето се номинира од страна на Сојузот на земјоделци на Република Македонија;

- еден претставник на предлог на органите на управување со заштитени подрачја што постојат на делот од подрачјето на речниот слив на реката Струмица;

- еден преставник на предлог на Сојузот на риболовни друштва на Република Македонија;

- еден претставник на предлог на Стопанската комора на Република Македонија, од редот на управувачите на хидроелектричните централи кои се членки на здружението за енергетика, што постојат на делот од подрачјето на речниот слив на реката Струмица;

- еден претставник на предлог на Стопанските комори формирани во Република Македонија од редот на поголемите индустриски капацитети кои делуваат на подрачјето на делот од речниот слив на реката Струмица а кои користат вода и испуштаат отпадни води ;

- еден претставник избран со просто мнозинство од присутните на одржан заеднички состанок на кој присуствавале најмалку две третини на номинирани лица од органот кој раководи со организациите за потрошувачи кои постојат во општините на подрачјето на делот од речниот слив на реката Струмица, и

- еден претставник на предлог на Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

Член 9

(1) Секој член на Советот за управување со подрачје на речен слив и на Советот за управување со дел од подрачје на речен слив (во понатамошниот текст: Советот) треба да учествува на секој закажан состанок на Советот.

(2) Членот треба пред одржувањето на состанокот на Советот да се консултира со субјектите што го номинирале и чии интереси ги застапува и од нив да побара ставови и мислење по однос на темите за кои ќе се расправа на закажаниот состанок на Советот.

(3) Кога не е можно да добие мислења и ставови по одредени прашања што се рагледуваат на состанокот на Советот, членот треба да делува во најдобар интерес на субјектите чии интереси ги застапува, како и јасно да ги изразува проблемите со кои се соочуваат субјектите во врска со управувањето со водите.

(4) Кога одредени прашања се од посебна важност за субјектите чии интереси ги застапува, членот може да побара одложување на одржувањето на состанокот на Советот за најмногу седум дена, во чиј рок треба да обезбеди мислење и ставови по прашањата од субјектите.

(5) На состаноците на Советот можат да присуствуваат и други лица кои се повикани од страна на претседателот на Советот.

(6) Седниците на Советот се јавни, освен кога со одлука на Советот е одлучено седницата да биде затворена за јавноста.

Член 10

За својата работа Советот донесуват деловник со просто мнозинство од членовите.

Член 11

(1) Советот работи на состаноци на кои присуствуваат најмалку 2/3 од номинираните членови на Советот.

(2) Со Советот претседава членот од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

(3) Советот одлучува со просто мнозинство од гласовите од присутните членови на состанокот.

(4) За одржаните состаноци Советот води записници кои се објавуваат на веб страната на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

(5) Состанокот на Советот се закажува најмалку 10 дена пред одржувањето на Советот. Дневениот ред на состанокот се објавува на веб страната на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина. Сите материјали кои се разгледуваат на состанокот на Советот исто така се објавуваат на веб страната, освен оние кои имаат карактер на службена или деловна тајна и претставуваат интелектуална сопственост.

(6) Одлуките на Советот се засновани на објективни, непристрасни и неутрални критериуми, и истите се носат во согласност со целите на Законот за води, приоритетите за користење на водите утврдени со Законот за водите, како и со обврските за заштита на водите и контрола на загадувањето, Националната стратегија за управување со водите и Водостопанската основа на Република Македонија.

(7) Во случај кога не може да се донесе одлука со потребното мнозинство на гласови за одреден проблем, прашање, извештај или препорака, истите ќе се достават до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, со јасна индикација на постоењето, причините, природата и степенот на несогласност во врска со заклучоците.

(8) Ако за одредено прашање се бара дополнителна обработка на податоци, работата на Советот може да се организира во работни групи составени за определено време за конкретното прашање.

(9) Мислењата на работните групи од став (8) на овој член ќе се усвојат на пленарната седница на Советот во редовна постапка за донесување на одлука.

(10) Советот ќе се состанува најмалку еднаш месечно во период кога е започната постапка за подготовка на план за управување со подрачјето на речниот слив или за план за управување на дел од подрачја на речен слив и најмалку четири пати годишно по неговото донесување.

(11) Советот може да одржи вонредни состаноци на барање на една третина од членовите на Советот за решавање на определено прашање.

Член 12

Номинираниот член од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина кој претседава со Советот треба:

- да закажува редовни седници на Советот;

- да подготви нацрт-дневен ред за состанокот во консултација со членовите и според утврдениот план на активности за изработка на Планот за управување со подрачјето на речен слив или за дел од подрачје за речен слив, или за неговото спроведување;

- да претседава со секој состанок на Советот;
- да ги отвори и затвори состаноците на Советот;
- да ги потпишува извештаите и записниците од состаноците, како и мислењата односно одлуките донесени од страна на Советот.

Член 13

Советот доставува извештај за својата работа до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во поглед на реализираните тековни активностии, и постигнатите резултати.

Член 14

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-4917/1
23 јули 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

_____

2547.

Врз основа на член 44 став (1) од Законот за приватно обезбедување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 166/2012), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.7.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРАВНИ ЛИЦА КОИ СЕ ДОЛЖНИ ДА ИМААТ ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

I. ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со оваа одлука се определуваат правните лица кои се должни да имаат приватно обезбедување.

II. ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРАВНИ ЛИЦА ЧИЈА ДЕЈНОСТ Е ПОВРЗАНА СО РАКУВАЊЕ СО РАДИОАКТИВНИ МАТЕРИИ ИЛИ ДРУГИ ПО ЛУЃЕТО И ОКОЛИНАТА ОПАСНИ МАТЕРИИ

Член 2

Правните лица на територијата на Република Македонија регистрирани за вршење дејност согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, покрај обврските предвидени со овој закон имаат физичко и техничко обезбедување заради обезбедување на сигурноста на изворите на јонизирачко зрачење од недозволен пристап на неповикани лица во објектите при транспорт и депонирање на радиоактивниот отпад.

Правните лица на територијата на Република Македонија регистрирани за производство и промет на големо со лекови и медицински помагала согласно Законот за лековите и медицинските помагала, како и согласно други прописи од областа на лековите и медицинските помагала, и здравствените установи за секундарна и терцијална болничка здравствена заштита имаат физичко и техничко обезбедување на објектите и околниот простор.

Правните лица на територијата на Република Македонија регистрирани за производството и промет со запални течности и запални гасови чија зафатнина е над утврдената со Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови ги заштитуваат своите магацини, складови и резервоари со пропишана ограда, имаат техничко обезбедување, а со примена на други потребни мерки и физичко обезбедување, согласно закон.

Правните лица на територијата на Република Македонија регистрирани за вршење на превоз на опасни материи, покрај обврските предвидени со Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, на местото на кое се врши натовар или истовар на опасни материи имаат физичко и техничко обезбедување.

III. ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРАВНИ ЛИЦА ЧИЈА ДЕЈНОСТ Е ПОВРЗАНА СО РАКУВАЊЕ СО ПРЕДМЕТИ И ОБЈЕКТИ ОД ОСОБЕНО КУЛТУРНО И ИСТОРИСКО ЗНАЧЕЊЕ

Член 3

Јавните установи и приватните музеи основани согласно Законот за музеите и јавните установи основани согласно Законот за заштита на културното наследство, чија дејност е поврзана со ракување со предмети и објекти од особено културно и историско значење, како и археолошките локалитети и друго недвижно културно наследство имаат физичко и техничко обезбедување на движното и недвижното културно наследство.

IV. ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРАВНИ ЛИЦА КОГА ТОА Е ВО ИНТЕРЕС ЗА БЕЗБЕДНОСТА И ОДБРАНАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 4

Правните лица на територијата на Република Македонија регистрирани за вршење дејности од областа на енергетиката согласно одредбите на Законот за енергетика, за производство, пренос и дистрибуција на енергија, покрај другите безбедносни мерки утврдени со закон и пропишани со подзаконски прописи, заради заштита на здравјето и животот на луѓето и заради заштита на животната средина, природата и растенијата имаат физичко и техничко обезбедување.

Правните лица на територијата на Република Македонија регистрирани за вршење дејности од областа на водоснабдувањето на населението со вода за пиење и технолошки потреби согласно со Законот за водостопанствата имаат физичко и техничко обезбедување.

Правните лица на територијата на Република Македонија регистрирани за вршење дејности за заштита и управување со повеќенаменски подрачја, заштита и унапредување на животната средина, заштита на природата и природното наследство во заштитени подрачја и надвор од заштитените подрачја согласно со Законот за животната средина, Законот за заштита на природата и согласно други прописи од областа на заштита и унапредување на животната средина, човековата околина, природата и националните паркови имаат физичко и техничко обезбедување на просторите и објектите со кои стопанисуваат.

Јавното претпријатие Македонска радиотелевизија и другите правни лица кои се регистрирани за вршење дејност од јавен интерес (електронски и печатени медиуми) под услови утврдени со Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија, Законот за радиодифузната дејност и Законот за електронските комуникации имаат физичко и техничко обезбедување.

Народната банка на Република Македонија и правните лица регистрирани за вршење банкарски работи согласно Законот за Народната банка на Република Македонија и Законот за банките имаат физичко и техничко обезбедување на објектите, околниот простор и на транспортот на пари и вредности.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 5

Со денот на отпочнување на примената на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на правни лица кои се должни да имаат обезбедување лица и имот за свои потреби („Службен весник на Република Македонија“ бр. 166/2010).

Член 6

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-2999/1
23 јули 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

2548.

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008. 82/2008, 10/2010 и 51/2011, 15/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.7.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ПОСТДИПЛОМСКИ СТУДИИ „ГАБРИЕЛА КОНЕВСКА ТРАЈКОВСКА“ ОД ОБЛАСТА НА ПРАВОТО, ЕКОНОМИЈАТА И ПОЛИТИКИТЕ НА ЕУ ВО СТРАНСТВО ЗА АКАДЕМСКАТА 2013/2014 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука Владата на Република Македонија доделува средства во висина од 4.470.000,00 денари за финансирање определен број постдипломски студии (академски универзитетски студии од вториот циклус, односно стекнати ЕКТС 180 до 240 кредити) во странство од областа на правото, економијата и политиките на ЕУ за академската 2013/2014 година, во рамките на средствата определени со Буџетот на Република Македонија, за Владата на Република Македонија, раздел – 04009, потпрограма 20 – Секретаријат за европски прашања, расходно конто 464 – разни трансфери.

Член 2

Во смисла на оваа одлука се сметаат постдипломски студии од правото, економијата и политиките на ЕУ во странство, при што предност ќе се даде на кандидатите кои немаат обезбедени финансиски средства за покривање на студиите од наведените области по друг основ.

Член 3

Средствата од член 1 од оваа одлука, се доделуваат за обезбедување трошоци за уписнина, сместување, исхрана и патни трошоци до дестинацијата на студирање и назад. Средствата се доделуваат за постдипломски студии кои траат една академска година (до 12 месеци), на високообразовна институција во странство со соодветна програма на постдипломски студии од областите наведени во член 2 од оваа одлука.

Член 4

Изборот на кандидати за доделување на средствата од член 1 од оваа одлука се врши по пат на јавен конкурс.

Член 5

Кандидатот за доделување средствата од член 1 од оваа одлука треба да ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија;
- да поседува универзитетска диплома за завршено соодветно високо образование и уверение за положени испити, или да е во завршна година од студиите, под услов истите да ги заврши најдоцна до 31 јули 2013 година. Предност им се дава на кандидатите со висок просечен успех на студиите, како и на кандидатите од високо рангираните универзитети согласно националното рангирање..
- да потврди дека одлично да го владее англискиот јазик (TOEFL, IELTS, или да приложи друг релевантен доказ дека еден дел од своето образование го завршил на англиски јазик или долгогодишно го користел странскиот јазик по основ на привремено живеење или подолг престој во одредена странска држава и други релевантни фактори за познавање на јазикот).

Познавањето на други странски јазици од земјите членки на ЕУ ќе се смета за предност.

- да достави потврда од Универзитетот каде се запишува, како доказ дека ги исполнува условите за упис на соодветниот факултет и дека е примен на соодветна програма за кој аплицирал(а), за постдипломски студии кои траат една академска година (до 12 месеци) во областите наведени во член 2 од оваа одлука. Предност ќе имаат кандидатите чии одобрени апликации за упис се од факултетите кои се повисоко рангирани согласно Шангајската листа.
- да достави целосна документација во пријавата по конкурсот од член 4: пополнет образец за пријавување, биографија на македонски и на англиски јазик, линк до програмата на студирање, односно список на предмети содржани во студиите, релевантна потврда за владеење на англискиот јазик, универзитетска диплома за завршено соодветно високо образование со уверение за положени испити, потврда/комуникација или документ за прием на апликацијата на студиите и мотивациско писмо на македонски и на англиски јазик.

Условите за доделување стипендии, обрасците за пријавата, како и други подетални информации, ќе бидат објавени на официјалната интернет страница на Секретаријатот за европски прашања, со објавувањето на конкурсот.

Член 6

Нема да бидат разгледувани пријавите на кандидатите кои:

- доставиле непотполна документација;
- доставиле пријава по истекот на крајниот рок за пријавување на конкурсот;
- веќе се во тек со постдипломски студии од областа на ЕУ во странство;
- се пред завршување на постдипломски студии или штотуку ги завршиле своите постдипломски студии од областа на ЕУ во странство;
- кои веќе завршиле едни постдипломски студии и бараат стипендија за втори постдипломски студии;
- започнале постапка за запишување или се запишале на постдипломски студии од областа на ЕУ во странство, кои траат подолго од 12 месеци.

Член 7

Давателот на стипендијата, во смисла на член 3 од оваа одлука, се обврзува да ги покрие трошоците во висина од најмногу 20.000,00 евра.

Трошоците кои го надминуваат износот наведен во став 1 на овој член ќе бидат на товар на корисникот на стипендијата.

Член 8

Конкурсот за прибирање пријави од заинтересирани кандидати за доделување средствата од член 1 од оваа одлука го распишува Секретаријатот за европски прашања.

Конкурсот се објавува во дневниот печат во два весника, од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот, во траење од 30 дена од денот на неговото објавување.

Член 9

За спроведување на конкурсот и изборот на кандидатите, Секретаријатот за европски прашања формира Комисија.

Комисијата е составена од 6 (шест) члена: Претседател на Комисијата и два члена од Секретаријатот за европски прашања, и по еден член од Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Македонија и Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор на Република Македонија.

Секој член на Комисијата од став 2 на овој член, има свој заменик.

Во работата на Комисијата, како член на Комисијата за доделување стипендии учествува и претставник од потесното семејство на г-ѓа Габриела Коневска Трајковска.

За стручно организационите работи на Комисијата се грижи секретар и заменик на секретарот на Комисијата, кои се определуваат од редот на вработените во Секретаријатот за европски прашања.

Член 10

Комисијата, по завршување на конкурсот и приемот на пристигнатите пријави, пристапува кон:

- разгледување на пристигнатите пријавите,
- евалуација на пристигнатите пријави,
- спроведува интервју со кандидатите кои аплицирале за користење средства од член 1 од оваа одлука, а кои ги исполнуваат условите од член 5 став 1 од оваа одлука,
- врши оценување и рангирање на кандидатите согласно принципот за обезбедување на квалитет и стручност, водејќи грижа за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во Република Македонија, и
- доставува предлог-список до Владата на Република Македонија.

Изборот на кандидатите го врши Владата на Република Македонија врз основа на предлог-списокот од став 1 алинеја 5 на овој член.

За извршениот избор на кандидати се известуваат сите кандидати коишто се пријавиле на конкурсот во рок од осум дена од денот на извршениот избор.

Член 11

Секретаријатот за европски прашања ги презема неопходните активности за извршување на плаќањето на доделените средства на избраните кандидати на универзитетите во странство.

Член 12

Заменикот на Претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања, во име на Владата на Република Македонија, склучува договор со избраните кандидати, со кој тие се обврзуваат да бидат работно ангажирани во органите на државната управа во период од 3 (три години) години од нивното завршување на постдипломските студии. Избраните кандидати по завршување на постдипломските студии со стекнување на соодветна диплома и враќањето во Република Македонија ќе бидат на располагање 6 (шест) месеци од денот на пријавувањето во Секретаријатот за европски прашања, а доколку во тој период Владата на Република Македонија не им обезбеди работен ангажман во државната управа, да можат да работат во приватниот сектор.

Правата и обврските на Владата на Република Македонија и на корисниците на стипендиите, а по однос на доделената стипендија. ќе бидат детално уредени со договор од став 1 на овој член.

Член 13

Секретаријатот за европски прашања два пати годишно ќе ја информира Владата на Република Македонија за корисниците на стипендиите кои ги завршиле постдипломските студии.

Член 14

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-4513/1
23 јули 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

2549.

Врз основа на член 55 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија", бр. 13/2005, 14/2007, 55/2007, 98/2008, 83/2010, 13/2012, 59/2012, 123/2012 и 23/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.7.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА НАМЕНА НА РАДИОФРЕКВЕНЦИСКИТЕ ОПСЕЗИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за донесување на Планот за намена на радиофреквенциските опсези во Република Македонија, бр. 0201-2044/6, донесен од директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 18.07.2013 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-4542/1
23 јули 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

2550.

Врз основа на член 15 став (2) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.17/11, 53/11, 144/12 и 25/13), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.7.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОТТУЃУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со јавно наддавање да се оттуѓи градежно земјиште сопственост на Република Македонија кое претставува:

дел од КП бр. 1219/1 КО Илинден со површина од 2662 м2 евидентирана во Имотен лист број 10054 и КП бр.2831/5 КО Илинден со површина од 210 м2 евиден-

тирана во Имотен лист број 10341, а врз основа на Согласноста бр.02-4847/1 од 11.07.2013 година, на Министерството за труд и социјална политика со кое се откажало од потребата за изградба на градби од јавен интерес утврдени со закон.

Член2

Оваа одлука да ја спроведе општина Илинден согласно Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за општина Илинден број 50-5081/1 од 28.09.2011 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/11).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-4594/1
23 јули 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

2551.

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/2005, 150/2007, 35/2011 и 166/2012), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.7.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерство за одбрана му престанува користењето на недвижни ствари сопственост на Република Македонија и тоа: објект на КП бр.1/3 КО Мралино со површина од 320 м2 видно ИЛ бр.63, објект на КП бр.1/2 КО Мралино со површина од 1535 м2 видно ИЛ бр.63 и објект на КП бр. 1/5 КО Мралино со површина од 2290 м2, видно ИЛ бр.63.

Член 2

Недвижните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење, без надомест, на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

Член 3

Примопредавањето на недвижните ствари од член 1 од оваа одлука ќе се изврши помеѓу Министерството за одбрана и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-4822/1
23 јули 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

2552.

Врз основа на член 17-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр.8/2005, 150/2007, 35/2011 и 166/2012), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.7.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА ОПШТИНА ГОСТИВАР

Член 1

Со оваа одлука на општина Гостивар се даваат на трајно користење, без надомест недвижни ствари, евидентирани во Имотен лист бр.17 кои се наоѓаат на Катастарска парцела бр.874, 875 и 898, за Катастарска општина Бањица, сопственост на Република Македонија и тоа:

На КП 874 КО Бањица

- објект бр.1, викано место Грудајци, намена на зграда В4, влез 1, кат приземје, намена на посебен дел од зграда П, внатрешна површина од 434 м2;
- објект бр.2, викано место Грудајци, намена на зграда В4, влез 1, кат приземје, намена на посебен дел од зграда П, внатрешна површина од 198 м2;
- објект бр.3, викано место Грудајци, намена на зграда В4, влез 1, кат Приземје, намена на посебен дел од зграда П, внатрешна површина од 434 м2;
- објект бр.4, викано место Грудајци, намена на зграда В4, влез 1, кат приземје, намена на посебен дел од зграда П, внатрешна површина од 434 м2;
- објект бр.5, викано место Грудајци, намена на зграда В4, влез 1, кат приземје, намена на посебен дел од зграда П, внатрешна површина од 129 м2;
- објект бр.6, викано место Грудајци, намена на зграда В4, влез 1, кат приземје, намена на посебен дел од зграда 11, внатрешна површина од 144 м2;
-објект бр.7, викано место Грудајци, намена на зграда В4, влез 1, кат приземје. намена на посебен дел од зграда П, внатрешна површина од 51 м2;
- објект бр.8, викано место Грудајци, намена на зграда В4, влез 1, кат приземје. намена на посебен дел од зграда П, внатрешна површина од 19 м2;
- објект бр.9, викано место Грудајци, намена на зграда В4, влез 1, кат приземје, намена на посебен дел од зграда П, внатрешна површина од 17 м2.

На КП 875 КО Бањица

- објект бр.14, викано место Грудајци, намена на зграда В4, влез 1, кат приземје, намена на посебен дел од зграда П, внатрешна површина од 434 м2;
- објект бр.15, викано место Грудајци, намена на зграда В4, влез 1, кат приземје, намена на посебен дел од зграда П, внатрешна површина од 434 м2;
- објект бр. 16, викано место Грудајци, намена на зграда В4, влез 1, кат приземје, намена на посебен дел од зграда П, внатрешна површина од 434 м2.

На КП 898 КО Бањица

- објект бр.1, викано место Грудајци, намена на зграда В4, влез 1, кат приземје, намена на посебен дел од зграда П, внатрешна површина од 473 м2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-4841/1
23 јули 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

2553.

Врз основа на член 54 – а став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 08/2005, 150/2007, 35/2011 и 166/2012), Владата на Република Македонија, на седницата одржана 23.7.2013 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА ЗА ДРЖАВНОСТ И САМОСТОЈНОСТ МУЗЕЈ НА ВНАТРЕШНАТА МАКЕДОНСКА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА И МУЗЕЈ НА ЖРТВИТЕ НА КОМУНИСТИЧКИОТ РЕЖИМ ОД СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерство за култура му престанува користењето на движните ствари, со следните количини и вредност:

реден број	назив и опис на движни ствари	количина	вкупна вредност
1	Лустер со пречник Ф=150 см.,со висина до ланец Н=200 см. (+;- 5-10 см.), изработен од метал со 24 каратна превлака, со спектарни висококвалитетни кристали, точни за секоја сијалица - стакло,ламби (сијалици) 20 Е -14 /40W	1	1.433.700
2	Sидни ламби со ширина В-35см и висина Н-50 см, одбивање од sидната површина Т-15см, изработка од метал со 24 каратна превлака, со спектарни висококвалитетни кристали, со 2 тацни за сијалици (ламби) стакло 2 h 40W E14	15	1.587.690
3	Телескоп со механички систем на прием на пари (жетони), со сила на зголемување од 50 пати, со ауто фокус, водоотпорни леќи, конструкција на тело од полиран алуминиум, челик во финална обработка.	2	957.924
4	никловани канти за отпадоци	12	36.816
5	пепелник ТМ-58 (60х24)	5	12.500
6	Галантерија за тоалети: огледало (со фазета, со оборени ивици тип флот, лепено со лепак за огледало димензии:75/75 см. + - 5см, етажерка, држач за хартија и за бришење раце, држач за течен сапун, сите иноксни.	3	65.490
7	Алуминиумски шини со лизгачки тркалца за поставување на уметнички слики, на две метра да има можност да се постават 3 композиции, со штопери за секоја композиција посебно.	75	522.150
8	Поден бришач од алуминиумски профили со вметната гума меѓу нив, уоквирен со алуминиумски лајсни, димензија 80/160.	6	300.900
9	Монтажни полици за складирање во депоа, од метални поцинкувани, Л профили со полици од перфориран лим и можност за висинско подесување, со сите потребни спојни елементи и укрутувања, со димензии 90/45/210см	16	294.528
10	Лаптоп со следниве карактеристики: монитор 13" ,интел процесор, графичка 318 MB, Тврд диск 320 GB HDD + 20 GB, камера, РАМ, меморија 4GB, интернет безжичен.	4	311.520
11	Ласерски печатач - над 16 страни во минута на А4 формат (17 страни во минута плико А5), над 1200 х 1600 излезна резолуција, 8 MB меморија, месечен циклус до 5000 страни, УСБ интерфејс.	2	34.692
12	телефонска централа тип SOHO	1	92.040

13	Безжични телефонски уреди со идентификација и брзо бирање, вградена меморија за 40 броеви.	3	20.886
14	Типски маси со плотна завршно пластифицирана и со метална потконструкција	18	254.880
15	Типски столици од полиетиленски ратан (вештачки бамус).	58	615.960
16	Типски столици тапацирани во луксузен мебел штоф, изработени од масивно дрво бука бајцувано во дезен на орев и лакирано со полиуретенски лак во сјај 50-70%,во барокен стил, столици без наслонувачи за раце.	84	2.616.768
17	Типски столици тапацирани во луксузен мебел штоф, изработени од масивно дрво бука бајцувано во дезен на орев и лакирано со полиуретенски лак во сјај 50-70%,во барокен стил, столици со наслон	10	396.480
18	Типски маси на 4 ногари демонтажни по потреба, изработката на масивните делови од квалитетно буково дрво бајцувано на орев, фурнираните делови изведба интарзија (уметничко украсување на горните плочи со орев и мазен фурнир) и сето тоа заштитено со полиуретенски лак во сјај 50-70% барокен стил, завршните агли да бидат нормални бес профилација во тој дел за да може да се групираат по потреба, димензии: 110/90/75.	21	1.647.870
19	Типски маси на 4 ногарки демонтажни по потреба, изработката на масивните делови од квалитетно буково дрво бајцувано на орев, фурнираните делови изведба интарзија (уметничко украсување на горните плочи со орев и мазен фурнир) и сето тоа заштитено со полиуретенски лак во сјај 50-70% барокен стил, завршните агли да бидат нормални бес профилација во тој дел за да може да се групираат по потреба, димензии: 70/70/60.	6	344.088
20	Типски маси на 4 ногари демонтажни по потреба, изработката на масивните делови од квалитетно буково дрво бајцувано на орев, фурнираните делови изведба интарзија (уметничко украсување на горните плочи со орев и мазен фурнир) и сето тоа заштитено со полиуретенски лак во сјај 50-70% барокен стил, завршните агли да бидат нормални бес профилација во тој дел за да може да се групираат по потреба, димензии: 100/70/60.	2	123.428

21	Округла маса, изработката на масивните делови од квалитетно буково дрво бајцувано на орев, фурнираните делови изведба интарзија (уметничко украсување на горните плочи со орев и мазен фурнир) и сето тоа заштитено со полиуретенски лак во сјај 50-70% барокен стил, димензии: 240/75.	1	348.572
22	Говорница од фурниран мдф со дебелина на мдф 2.5 см. од природен фурнир, заштитен - фарбан со полиуретански лак, со барокни профилации.	2	211.220
23	Типски гарнитури (тросед) тапацирани во луксузен мебел штоф, изработени од масивно дрво бука бајцувано во дезен на орев и лакирано со полиуретенски лак во сјај 50-70%,во барокен стил.	2	278.480
24	Типски гарнитури (фотеља) тапацирани во луксузен мебел штоф, изработени од масивно дрво бука бајцувано во дезен на орев и лакирано со полиуретенски лак во сјај 50-70%,во барокен стил.	8	703.280
25	Правоаголни клупи од фурниран мдф со видлива дебелина на мдф од 10 -15 см. (со потконструкција) од природен фурнир, заштитен - фарбан со полиуретански лак, страниците на кој што лежи да се заштитат со иноксни елементи во висина до 15 см. димензии:190/40/40 см.	3	172.398
26	Правоаголни клупи од фурниран мдф со видлива дебелина на мдф од 10 -15 см. (со потконструкција) од природен фурнир, заштитен - фарбан со полиуретански лак, страниците на кој што лежи да се заштитат со иноксни елементи во висина до 15 см. димензии:210/40/40 см	2	124.136
27	Правоаголни клупи од фурниран мдф со видлива дебелина на мдф од 10 -15 см. (со потконструкција) од природен фурнир, заштитен - фарбан со полиуретански лак, страниците на кој што лежи да се заштитат со иноксни елементи во висина до 15 см. димензии:230/40/40 см	2	136.408
28	Типска комода, изработката на масивните делови од квалитетно буково дрво бајцувано на орев, фурнираните делови изведба интарзија (уметничко украсување на горните плочи со орев и мазен фурнир) и сето тоа заштитено со полиуретенски лак во сјај 50-70% барокен стил, димензии: 180/50/120.	3	314.706

29	Работна вртлива и хидраулична столица од хромирана метална конструкција и вграден механизам со три функции (подигање / спуштање, навалување на наслонот заедно со седиштето и навалување само на наслонот), со седиште и наслон обложени со сунѓер и еко кожа,	4	84.016
30	Подвижни фиокарници од оплеменета иверка со дебелина од 25mm и 16mm,со 4 фиоки на меко затварање, можност за заклучување, силиконски тркалца, алуминиумски линиски рачки, димензии: 45x45x70см.	4	112.336
31	Отворени висечки полици со длабочина од 30-35 см. За одлагање на документи од оплеменета иверка со дебелина од 25mm.	5	99.120
32	Правоаголно биро со димензии 120x80 висина од 75см, изработено од канцелариски плотни со двострано закосени ивици со максимална ширина 80см, поставено на алуминиумска биро конструкција, на систем шини.	2	80.948
33	Правоаголно биро со димензии 150x80 висина од 75см, изработено од канцелариски плотни со двострано закосени ивици со максимална ширина 80см, поставено на алуминиумска биро конструкција на систем шини.	1	43.424
34	Правоаголно биро со димензии 230x80 висина од 75см, изработено од канцелариски плотни со двострано закосени ивици со максимална ширина 80см, поставено на алуминиумска биро конструкција на систем шини.	1	46.610
35	Пулт за наплата со димензии ширина 120 см/ длабочина 50см/ висина 110 см., целосно изработен од фурниран мдф со дебелина од 3.0 см (чела на фиоки мдф 16см) бајцувано со полиуретенски лак со сјајнос 50-70%, 4 фиоки на заклучување во склоп на пултот.	1	129.564
36	Отворени полици (со позадина)во сегменти за одложување и продажба на сувенири максимална длабочина 30см., целосно изработен од фурниран мдф со дебелина од 3.0 см.(само полиците се 16мм), бајцувано со полиуретенски лак со сјајнос 50-70%, со перфорирани страници (вертикали), систем на спојување типли (кекси) под агол од 45 степени (2 парчиња).	7	242.018

37	Ниски затворени комоди (со позадина) во сегменти за одложување сувенири максимална длабочина 50см/ висина 60 см., целосно изработен од фурниран мдф со дебелина од 3.0см (врати од мдф 16см) бајцувано со полиуретенски лак со сјајнос 50-70%, тип на затварање шарки со меко затварање (милион отварања), систем на спојување типли (кекси) под агол од 45 степени (4 парчиња)	2,6	105.846
38	Дрвен прегради параван од масивно дрво систем на отварање т.е растегнување хармоника. ширина на модул 40-50 см / висина 180см. Исполната на модулот банер платно со принт од делови од објектот.при максимално распнување да совлада должина од 1.6.	2	232.460
39	Бина (сцена) H=15 см. од чамова граѓа, горна површина од водотпорна бротска иверка, општена од сите видливи страни со трослоен паркет општен со "L" алуминиумски лајсни.	6	309.396
40	Килими со иранска рачна изработка, потребни димензии за да се опреми просторот се: 300x400; 200x300; 150x200; 100x150, тип на обработка Касхан волна на памучна основа, со чвораж од 220.000 до 250.000 илјади на 1 м2.	84	1.903.104
41	Ирански килими од машинска изработка наменет за облагање на централниот скалишен простор, да се пресметаат месингани хоризонтални држачи за прицврстување на патеката, број на држачи 15. да исполнува услов на одржување (чистење) при нормална фрекфрентност.	11	175.230
42	Рек - Ормар со 42 RU со димензии 600 x 600 mm, со предна и задна перфорирана врата, предвиден за поставување на опрема во постојана инсталација, комплет со прибор за монтажа, електрична дистрибуција, панели и уред за форсирано ладење.	1	3.049.002
43	Дигитален програмибилен контролер селектор на програма со четири позиции, каде селектирањето на бараната програма се врши преку преклопник со четири позиции покрај кој е поставен индикатор за индикација на селектираната програма.	1	10.402
44	Дигитален програмибилен контролер за гласност. Комуникацијата со процесорот да се одвива преку S-FTP Cat.5 е кабел.	1	9.335

45	Звучнички систем, предвиден за надградна монтажа на sид, комплет со ABS кутија во бела боја и држач за поставување на sид или вертикална површина, предвиден за сите временски услови. Со два звучник за репродукција на ниски/средни тонови.	12	361.292
46	HDMI матричен свичер со 4 влеза и 4 излеза со ембедирано аудио. Уредот да биде опремен со RS232 сериска порта за контрола.	1	183.832
47	Професионален дигитален компактен стерео миксер, со 16 микрофонски/линиски конфигурабилни влезови, 4 стерео линиски влезови, 14 суб-групи / aux бас-а, 4 FX и 4 матрични бас-а, 4 Stereo Lexicon ефект процесора, LRC Mix балансирани мастер излези.	1	641.979
48	Преведувачки пулт со 32 канали комплетно дигитален со копче за зголемување или намалување на гласноста, копче за одбирање на преведуван јазик, копче за исклучување и вклучување на микрофон, копче за моментно прекинување на микрофонот (mute).	1	172.044
49	Сет за на глава составен од микрофонска кондензаторска единица со флексибилно тело и стерео слушалки за приклучување на преведувачки пулт.	2	110.809
50	Дигитален радијатор на инфра црвени зраци со јачина од 13W, со копчиња за подесување на каснење (delay), конектор за влезен сигнал HF BNC како и конектор за премостување (loop), копче за подесување на режимот на работа, комплетна снага на зрачење и половина снага на зрачење) како и ЛЕД индикациски сијалички за статусот на уредот.	1	360.337
51	Дигитален ресивер за преведувани јазици на 4 канали, работи на инфра-црвени зраци и има копче за избор на каналот, копче за одредување на гласност како и 3,5mm конктор за слушалки. Ресриверот мора на себе да има ЛЦД дисплеј со автоматски систем за исклучување	45	1.100.338
52	Ултра-лесни стерео слушалки	90	286.740
53	Дигитална претседателска единица како дел од дигитален конференциски систем со систем за симултан превод, опремена со XLR конектор за приклучување на микрофон со свитлив врат и звучник со регулација на гласност.	1	61.649

54	Дигитална делегатска единица како дел од дигитален конференциски систем со систем за симултан превод, опремена со XLR конектор за приклучување на микрофон со свитлив врат и звучник со регулација на гласност, индикацијата за избраниот јазик се исчитува на два LCD екрани при што е овозможена независна селекција на преведуван јазик за два слушателa. Единицата со системот комуницира преку стандарден S/FTP-cat.5e кабел а за приклучок користи стандарден PJ 45 конектор.	20	1.232.982
55	Кондензаторски микрофон со свитлив врат и светлечки прстен, со XLR конектор и должина од 40 цм .	21	382.033
56	Систем за автоматизација на процесот на упарвување со Аудио/Визуелните системи, со централна управувачка единица, контролен без-жичен панел со екран од 228 mm, пропратна опрема и програмирање.	1	305.856
57	80” (203 цм) LED монитор со DVI / HDMI влез, дисплеј со висока резолуција Full HD 1920 x 1080 и дијагонала на видлива површина од 203 цм, LED позадинско осветлување, комплет со потребните модули за конекција, модул за контрола преку компјутерска мрежа.	1	667.467
58	80” (203 цм) LED монитор со DVI /HDMI влез, дисплеј со висока резолуција Full HD 1920 x 1080 и дијагонала на видлива површина од 203 цм, LED позадинско осветлување, комплет со потребните модули за конекција, модул за контрола преку компјутерска мрежа.	1	774.198
59	Висококвалитетен кондензаторски микрофон со кардоидна карактеристика и свитлив врат, предвиден за фиксно поставување на маса или говорница, комплет со прибор за монтажа.	2	30.267
60	Систем за дистрибуција на балансирани аудио сигнали, предвиден за поставување на вертикална/хоризонтална тврда површина, прибор за монтажа и напојување, професионален дистрибутивен засилувач за балансирано аналогно аудио со два влеза и 2 x 6 стерео/12 моно балансирани излези, конекција на XLR конектори и можност за подесување на излезно ниво на сигнал за секој канал.	1	52.569

61	Двосистемски звучнички систем во конфигурација на вертикална низа со контролирана хоризонтална и вертикална дисперзија со можност за селекција од 45° или 25°, составен од 4 единици за репродукција на ниски/средни тонови со пречник од 130 mm и 16 високотонски единици со пречник од 25 mm, комплет со кутија од композитен матријал, прибор за монтажа и предна декоративна маска. Системот да има фреквенциски опсег од 60 Hz – 20 kHz, номинална импенданса од 8Ω и ефикасност од 95dB.	2	280.368
62	24" LED монитор со HDMI/DVI и VGA влез, резолуција до 1920 x 1080.	3	138.591
63	Информативен киоск со вграден екран чувствителен на допир со дијагонала на активна површина од 56 цм, екран со заштитно капацитативно стакло, 1680 x 1050 резолуција при 60 Hz, IntelliTouch Surface Acoustic површина чувствителна на допир, со USB/Serial интерфејс, DVI-D влез, Windows XP / Vista / 7, Mac OS X или Linux компитабилен, комплет со напојување и совтверски пакет за инсталација на дисплејот,со софтверски пакет за прикажување на мултимедијални содржини.	2	652.653
64	Минијатурна кондензаторска микрофонска капсула со омнидирекционална карактеристика.	4	31.223
65	Минијатурна „пушка" кондензаторска микрофонска капсула со хиперкардоидна карактеристика.	2	81.880
66	Модул за суспензија на минијатурна микрофонска капсула со кабел екстезија со L=10м.	2	37.595
67	Елегантен микрофонски сталак со округла база, метално тело и завршеток со свитлив врат со адаптер за минијатурна микрофонска капсула.	2	94.306
68	Професионални слушалки за аудио мониторинг.	1	16.408
69	Фрижидер за пијалоци со приближни димензии 60/65/190см, нето волумен 345л, температура 0/+10C, снага 350W, потрошувачка 2.35кWh/24h, со стаклена предна врата.	3	300.875
70	Ледомат за 25кг/час, капацитет на подготовна 10кг, со приближни димензии 45/50/70см, изработен од нерѓосувачки челик.	1	87.084

71	Професионален кафемат за еспресо и капучино со приближни димензии 40/50/55см, изработен од инокс, со можност за истовремено приготвување на 2+2 кафиња, со додаток за топла пареа и топла вода.	2	474.898
72	Мелница за кафе со приближни димензии 25/35/60см, со капацитет од 8-10кг/час, моќ 340W, изработена од инокс.	1	48.985
73	Автомат за филтер кафе со капацитет за 14л/час со приближни димензии 40/40/45см, температура 84-86С	1	12.917
74	Автомат за мешање на инстант кафе од инокс, со пластична посуда со капацитет 0.65л, 12000 вртежи/мин, 1000Њ и приближни димензии 30/20/50см	1	34.180
75	Аспиратор со еднострук мотор со приближни димензии 60/30/20см со моќност 2x250W, со филтер за маснотии и 69 дБ бучност	1	32.875
76	Машина за миење чаши за 12 комплети со температури на миење 70,65,55,45S, потрошувчка 1.05кWh, потрошувачка на вода 17-20л, бучност 49дБ, енергетска класа А	1	157.058
77	Нискомонтажен бојлер, 3.5-5KW	1	6.459
78	Вградно решо со приближни димензии 30/65/51см, со две рингли F145-1.4кW и F 210-2.2кW (со индукциска стаклокерамичка плоча)	1	25.980
79	Комбинирана микробранова печка капацитет 25 литри, максимална моќ на микро бран 800w ,Работна фреквенција - 2450MHz, Режими на работа:Микробранов; комбиниран; инфрацрвен грил,Инфрацрвен грил – 1000W, Програми за готвење - 8, Димензии - 60x40x35цм.	2	18.868
80	Кујнски елементи (само долни) во должина од 10 метри, корпус од оплеменета иверка 16мм во орев нијанса, сите видливи делови од фурниран мдф Бука фарбан со полиуретански лак мат во орев нијанса, механизми - оков со меко затварање.	10	411.466
81	Кујнски елементи (само горни) во должина од 7.5 метри, корпус од оплемента иверка 16мм во орев нијанса, сите видливи делови од фурниран мдф Бука фарбан со полиуретански лак мат во орев нијанса, механизми - оков со меко затварање.	8	252.544
82	Разладна витрина од инокс приближни димензии 1400/700/850мм,број на врати -две инокс поставена на метални ногари ,температура +3 до +8 степени, снага 270W.	1	241.368

83	Шанк составен од кујнски елементи (само долни) во должина од 1,8 метри, корпус и сите видливи делови од оплеменета иверка D=16мм, опшивка за шанк, декорации од масивно дрво со резба и плотна од гранит со D=30 мм и D=20 мм врз метална конструкција.	2	839.004
84	Нискомонтажен бојлер, 3.5-5KW	1	6.459
85	Мобилни слободностоечки вентилатори /прскалки, комплетирани со резервоар за вода, за разладување на гостите на тераса. со напојуваање на енергија од постоечки шест "ОГ" приклучници на терасата.	6	363.204
86	Столна ламба со висина h=400 до 450 мм, широчина ∅=300-350мм, постоље и конструкција стакло-метал.Метал во боја злато-месинг, абажур бела боја.	4	90.152
87	Електричен лифт-платформа за лица со посебни потреби со димензии 1250x900 мм, со странична шина водилка и носивост до 300 кг	1	1.066.685
88	Метал халпогени рефлектори тип Д со предспојна справа и метал халогена сијалица HQI 1x70W	5	32.863
89	Колор видео камера со VARIOFOKAL објектив (8 мм) со ауто ирис поставени на држачи	25	201.338
90	Видео камера за надворешна монтажа со робустно метално лиено куќиште, компатибилен држач, моторен двигател, со греач и термостат.	6	173.460
91	CCTV уреди за вршење видео надзор на 21 видео камери	1	42.126
92	Концетрациски слободностоечки компјутерски ормар rack/6u со следна опрема: Pech Panel 13XRJ45 и 5XRJ45 , продолжен кабел, блок вентилатор 230V, кроне реглета 10X2, ch cord =1,5 м и 2,5 м	1	34.137
93	Концетрациски слободностоечки компјутерски ормар RACK/4U со следна опрема: Petch Panel 10XRJ45 и 5XRJ45 , продолжен кабел, блок вентилатор 230V, кроне реглета 10X2, ch cord =1,5 м и 2,5 м	1	20.154
94	Монитор за колор видео надзор од 21" поставен во контролните соби на приземје и галерија	2	40.002
95	Читачи со внесување на код PIN/card реадер со микропроцесорски контролер за 3 читачи со 3 програмабилни влезови и излези	3	39.659
96	Звучници во спуштен таван од 5W	16	44.462

97	Аудио систем со засилувач од 400W, миксета MX со 6 микро влеза , радио тајмер TUNER AM/FM, DVD Player	1	74.417
98	Микропроцесорска алармна централа за 13 програмабилни балансирани зони, со акумулаторска батерија 12 VDS-17 Ah	2	18.880
99	Аналогно-адресибилна ПП централа со можност за автоматска детекција и дојава на пожар, со 16 програмибилни релејни излези	1	40.633
100	Надворешна единица ИНВЕРТЕР со номинален ладилен капацитет 20,00КЊ, номинален греен капацитет 22,50 KW, потрошувачка на електрична енергија 4,5 KW, со димензии 1100x390x1650 мм, тежина 170 кг.	2	945.416
101	Внатрешна единица зиден модел со номинален ладилен капацитет 5,6KW, номинален греен капацитет 6,3 KW, димензии 295x1030x208 мм	4	170.888
102	Внатрешна каналска единица со вградена пумпа за кондензат со номинален ладилен капацитет 22,4KW, номинален греен капацитет 25 KW,со димензии 475x1580x600 мм и вграден филтер	1	124.219
103	Електрични грејалки-панели за на sид со електрична снага: 3000W 2000W 1000W	 1 2 3	 10.225 16.673 19.364
104	Рачен ПП апарат на сув прав од 9 кг.	10	44.427
105	Мобилен ПП апарат на сув прав од 50 кг.	3	81.243
106	Комплет фонтани за пиење вода	5	347.097

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Националната установа Музеј на македонската борба за државност и самостојност Музеј на внатрешната македонска револуционерна организација и музеј на жртвите на комунистичкиот режим од Скопје.

Член 3

Министерот за култура склучува договор со директорот на Националната установа Музеј на македонската борба за државност и самостојност Музеј на внатрешната македонска револуционерна организација и музеј на жртвите на комунистичкиот режим од Скопје со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука кои се даваат на трајно користење.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-4843/1
23 јули 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

2554.

Врз основа на член 27-а став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/2005, 150/2007, 35/2011 и 166/2012), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.7.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА СПОМЕН КУЌА НА МАЈКА ТЕРЕЗА ВО СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за култура му престанува користењето на недвижните ствари – дворно место со површина од 156 м2, земјиште под зграда со површина од 204 м2 и објект, зграда бр.1, влез бр.1 кат подрум со површина од 205 м2, кат приземје со површина од 144 м2, кат мансарда со површини од 116 м2 и 48 м2 и кат 01 со површини од 129 м2 и 4м2, лоцирани на ул.М.Тито, КП бр.12056/4, КО Центар 1, евидентирани во Имотен лист бр. 52375, сопственост на Република Македонија.

Член 2

Недвижните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат без надомест на трајно користење на Националната установа Спомен куќа на Мајка Тереза во Скопје.

Член 3

Примопредавањето на недвижните ствари од член 1 од оваа одлука ќе се изврши помеѓу Министерството за култура и Националната установа Спомен куќа на Мајка Тереза од Скопје во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-4845/1
23 јули 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

2555.

Врз основа на член 27-а став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/2-005, 150/2007 35/2011 и 166/2012), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.7.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА ЗА ДРЖАВНОСТ И САМОСТОЈНОСТ МУЗЕЈ НА ВНАТРЕШНАТА МАКЕДОНСКА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА И МУЗЕЈ НА ЖРТВИТЕ НА КОМУНИСТИЧКИОТ РЕЖИМ ОД СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за култура му престанува користењето на недвижните ствари – објект зграда бр.1, кат подрум со површина од 958 м2, кат приземје со површина од 1385м2 и 47 м2, кат 1 со површина од 1349 м2 и кат 2 со површина од 815 м2, лоцирани на КП бр.9543/2, со адреса на ул. „Иљо Војвода" б.б, КО Центар 1, запишани во Имотен лист бр. 100372, сопственост на Република Македонија.

Член 2

Недвижните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат без надомест на трајно користење на Националната установа Музеј на македонската борба за државност и самостојност Музеј на внатрешната македонска револуционерна организација и музеј на жртвите на комунистичкиот режим од Скопје.

Член 3

Примопредавањето на недвижните ствари од член 1 од оваа одлука ќе се изврши помеѓу Министерството за култура и Националната установа Музеј на македонската борба за државност и самостојност Музеј на внатрешната македонска револуционерна организација и музеј на жртвите на комунистичкиот режим од Скопје во рок од пет дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-4847/1
23 јули 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

2556.

Врз основа на член 91 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ број 8/2005, 150/2007, 35/2011 и 166/2012), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.7.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНА СТВАР ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ЈАВНАТА КНИГА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА НЕДВИЖНОСТИТЕ

Член 1

Се запишува право на сопственост на недвижна ствар на деловен простор кој се наоѓа на КП.бр.2419/2 м.в. „Село“ со култура земјиште под зграда со површина од 243 м2 од ИЛ.бр.36 за КО Орашац и

тоа КП.бр. 2419/2 влез 1 број на зграда во парцела 1 намена на зграда и друг објект А1 намена на посебен дел од зграда деловен простор во вкупна површина од 35 м2,

КП.бр. 2419/2 влез 2 кат приземје број на зграда во парцела 1 намена на зграда и друг објект А1 намена на посебен дел од зграда деловен простор адреса на зграда с. Орашац во површина од 70.46 м2 (71)

КП.бр.2419/2 влез 3 кат приземје број на зграда во парцела 1 намена на зграда и друг објект А1 намена на посебен дел од зграда деловен простор с. Орашац во површина од 41.98 м2 (42) во корист на Република Македонија во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-4853/1
23 јули 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

2557.

Врз основа на член 66 став (3) од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 38/2001, 98/2002, 9/2003, 47/2003, 64/2003, 67/2003, 51/2006, 5/2007, 15/2007, 26/2007, 30/2007, 58/2007, 105/2007, 116/2007, 129/2007, 157/2007, 29/2008, 51/2008, 86/2008, 114/2008, 42/2009, 62/2009, 141/2009, 162/2009, 40/2010, 83/2010, 166/2010, 172/2010, 95/2011, 151/2011, 170/2011 и 67/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.7.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

Член 1

Со оваа одлука се пропишува формата и содржината на Извештајот за проценка на влијанието на регулативата (во натамошниот текст: Извештајот за ПВР).

Член 2

Извештајот за ПВР содржи преглед на анализите спроведени во текот на процесот на проценка на влијанието на регулативата од страна на министерствата.

Извештајот за ПВР се изготвува во форма на образец: „Извештај за проценка на влијание на регулативата“, кој содржи: назив на министерство, назив на предлогот на закон, одговорно лице и контакт информации, вид на Извештај, обврска за подготовка на предлогот на закон, поврзаност со директивите на Европската Унија, дали нацрт Извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации, датум на објавување на нацрт Извештајот на Единствениот национален електронски регистар на прописи, датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација, датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација и рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

Извештајот за ПВР содржи и:

1. опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот;
2. цели на предлог регулативата;
3. можни решенија (опции);
4. проценка на влијанијата на регулативата;
5. консултации;
6. заклучоци и препорачано решение;
7. спроведување на препорачаното решение и
8. следење и евалуација.

Извештајот за ПВР содржи и изјава од државниот секретар и изјава од министерот.

Образецот на Извештајот за ПВР е даден во прилог и е составен дел на оваа одлука.

Член 3

Со денот на влегувањето на сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за формата и содржината на обрасците за проценка на влијанието на регулативата („Службен весник на Република Македонија“, бр. 66/2009).

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-4880/1
23 јули 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

ПРИЛОГ

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

Назив на министерство:	
Назив на предлогот на закон:	
Одговорно лице и контакт информации:	
Вид на Извештај	☐ Нацрт ☐ Предлог
Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од:	☐ Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија ☐ НПАА ☐ Заклучок на Владата на Република Македонија ☐ Друго _____
Поврзаност со Директивите на ЕУ	
Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации	☐ Да ☐ Не
Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР:	
Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација:	
Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација:	
Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат	

1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

1.1 Опис на состојбите

1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

2. Цели на предлог регулативата

3. Можни решенија (опции)

3.1 Опис на решението „не прави ништо“

3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

4. Проценка на влијанијата на регулативата

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

4.1 Економски влијанија

4.2 Фискални влијанија

4.3 Социјални влијанија

4.4 Влијанија врз животната средина

4.5 Административни влијанија и трошоци –

а) трошоци за спроведување

б)трошоци за почитување на регулативата

5. Консултации

5.1 Засегнати страни и начин на вклучување

5.2 Преглед на добиените и вградените мислења

5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто

6. Заклучоци и препорачано решение

6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)

6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)

6.3 Препорачано решение со образложение

7. Спроведување на препорачаното решение

7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области

7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување

7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување

7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон

8. Следење и евалуација

8.1 Начин на следење на спроведувањето

8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови

Изјава од државниот секретар

Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.

Датум: _____ .....

потпис на државен секретар

Изјава од министерот

Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.

Датум:_____ .....

потпис на министерот

Упатство за пополнување на
ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

Назив на министерство:	*Се внесува називот на министерството*
Назив на предлогот на закон:	*Се внесува називот на предлогот на закон*
Одговорно лице и контакт информации:	*Се внесуваат името и презимето и информациите за контакт на раководителот на секторот односно претседателот на работната група задолжен за спроведување на ПВР за конкретниот предлог на закон*
Вид на Извештај	☐ **Нацрт** – *Се обележува "нацрт" кога надлежното министерство го доставува нацрт извештајот за ПВР до Министерството за информатичко општество и администрација за мислење. Нацрт Извештајот го потпишува државниот секретар на министерството.* ☐ **Предлог** – *се обележува "предлог" кога надлежното министерство го доставува предлог Извештајот до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија. Предлог Извештајот го потпишува министерот.*
Обврската за подготовка на предлогот на законпроизлегува од:	*Се обележува избраниот одговор* ☐ Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија ☐ НПАА ☐ Заклучок на Владата на Република Македонија ☐ Друго _____
Поврзаност со Директивите на ЕУ	*Доколку погоре е обележан одговорот НПАА, се наведува конкретната Директива/и со која се врши усогласувањето*
Дали нацрт извештајот содржи информации согласно приписите кои се однесуваат на класифицираните информации	*Се обележува избраниот одговор* ☐ Да ☐ Не
Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР:	*Се наведува датумот на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР*

Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација:	*Се наведува датумот на доставување на нацрт Извештајот до* Министерството за информатичко општество и администрација
Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација:	*Се наведува датумот на добивање на мислењето од* Министерството за информатичко општество и администрација
Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат	*Се наведува датумот/рокот на доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат*

1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

1.1 Опис на состојбите

(Се дава опис на состојбите во областа вклучувајќи ја и важечката регулатива во областа или други поврзани области, како и други програми/проекти на Владата на Република Македонија кои се спроведуваат)

1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

(Се објаснуваат причините за проблемите кои се предмет на разгледување (не само симптомите))

2. Цели на предлог регулативата

(Се наведуваат очекуваните/посакуваните цели и ефекти кои предлогрегулативата треба да ги постигне)

3. Можни решенија (опции)

3.1 Опис на решението „не прави ништо“

(Се објаснува состојбата „не прави ништо“, односно се дава опис на последиците доколку Владата на Република Македонија не интервенира со предлогот на закон или друга мерка)

3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

(Се наведуваат можните решенија (опции) за решавање на проблемот кои биле разгледувани во текот на процесот на ПВР. Притоа, се наведува содржината на опциите и начинот на спроведување на можните решенија, односно преку усвојување на нов закон, изменување и дополнување на закон (регулаторни мерки); спроведување

на обуки, кампањи и слични активности (нерегулаторни мерки) или комбинација на мерки (регулаторни и нерегулаторни)).

4. Проценка на влијанијата на регулативата

Се дава детален опис на позитивните и негативните влијанија кои можат да произлезат од секоја од опциите и тоа за:

4.1 Економски влијанија
(Се опишуваат придобивките и трошоците за економијата во областа, вработувањето и конкурентноста. Особено треба да се опишат влијанијата за малите и средните претпријатија, економските субјекти, потрошувачите, домаќинствата и др.)

4.2 Фискални влијанија
(Се опишуваат трошоците и добивката за буџетот, преглед на иницијалните и проектираните трошоци, како и информација за тоа дали се обезбедени средства во буџетот (се дава резиме од Образецот за фискалните влијанија))

4.3 Социјални влијанија
(Се опишуваат влијанијата врз намалување на сиромаштијата, заштита и унапредување на здравјето, заштита и унапредување на човековите права и родовата еднаквост, заштита на ранливите групи и обесправените и др.)

4.4 Влијанија врз животната средина
(Се опишуваат влијанијата врз квалитетот на воздухот, водата, почвата, ефект на стаклена градина, бучава, биo-диверзитет и др. Се дава опис како влијанијата врз животната средина ќе влијаат директно или индиректно врз здравјето на луѓето.)

4.5 Административни влијанија и трошоци –

а) трошоци за спроведување
(Се наведуваат трошоците за спроведување на предлогот на закон – формирање на нови институции/органи или проширување на надлежности и организација на постојни органи, потребни човечки ресурси и нивна обука, инвестиции (канцелариски простор), потребен надзор, опрема и др.)

б) трошоци за почитување на регулативата
(Се наведуваат трошоците за почитување на регулативата - воведување на нови административни оптоварувања, формалности и трошоци (лиценци, дозволи, информации, стандарди) за правните и/или физичките лица и како тоа ќе се одрази врз конкурентноста)

5. Консултации

5.1 Засегнати страни и начин на вклучување
(Се наведуваат засегнатите страни кои биле консултирани во текот на процесот и начините на нивно консултирање/вклучување)

5.2 Преглед на добиените и вградените мислења
(Се дава преглед на добиените мислења со акцент на оние прашања кои предизвикале особен интерес или загриженост кај засегнатите страни. Наведете кои мислења биле земени предвид)

5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто
(Се наведуваат мислењата кои не биле земени предвид и со образложение за причините за тоа)

6. Заклучоци и препорачано решение

6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)
(Се дава споредбен опис на позитивните и негативните страни или влијанија на можните решенија (опции))

6.2 Ризици во спроведувањето и применета на секое од можните решенија (опции)
(Се опишуваат ризиците во спроведувањето и применета на секое од можните решенија (опции))

6.3 Препорачано решение со образложение
(Се опишува препорачаното решение со образложение зошто се препорачува)

7. Спроведување на препорачаното решение

7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области
(Се наведува дали препорачаното решение ќе предизвика потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области)

7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување
(Се наведува дали и кои подзаконски акти треба да се донесат и предложениот рок за нивно донесување)

7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување
(Се наведуваат органите на државната управа, државни органи и други органи кои ќе бидат надлежни за спроведувањето)

7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон
(Се наведуваат активностите (нерегулаторни мерки) кои ќе бидат преземени со цел обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон (обуки, советувања, кампањи и сл.))

8. Следење и евалуација

8.1 Начин на следење на спроведувањето

(Се опишува накратко како ќе се следи спроведувањето и постигнувањето на ефектите од регулативата и кои органи на државната управа ќе бидат вклучени во процесот на следење)

8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови

(Се опишува накратко како ќе се врши евалуација на ефектите од регулативата и на кој временски период)

Изјава од државниот секретар

Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.

Датум: _____ .....

потпис на државен секретар

(Државниот секретар ја потпишува изјавата во нацрт Извештајот пред надлежното министерство да го достави нацрт Извештајот за ПВР до Министерството за информатичко општество и администрација за мислење.

Изјава од министерот

Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.

Датум:_____ .....

потпис на министерот

(Министерот на ресорното министерство ја потпишува изјавата во предлог Извештајот пред надлежното министерство да го достави предлог Извештајот до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија).

2558.

Врз основа на член 8 став 1 од Законот за воведување на систем за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 69/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.7.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТОТ И ЗАЕДНИЧКАТА РАМКА ЗА ПРОЦЕНА НА РАБОТЕЊЕТО И ДАВАЊЕТО НА УСЛУГИ ВО ДРЖАВНАТА СЛУЖБА

Член 1

Со оваа одлука се формира Координативно тело за управување со системот за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба (во натамошниот текст: Координативно тело).

Член 2

Координативното тело се состои од претседавач и дваесет и еден член.

Координативното тело се состои од раководни службеници на Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за локална самоуправа, Министерството за култура, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за здравство, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, Секретаријатот за европски прашања, Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, Институтот за акредитација на Република Македонија, Институтот за стандардизација на Република Македонија, Дирекцијата за заштита на личните податоци, Комисијата за заштита на конкуренцијата и Заедницата на единиците за локалната самоуправа.

Член 3

Во работата на Координативното тело повремено можат да учествуваат и лица од други органи или институции кои со својата стручност може да допринесат за следењето на имплементацијата на воведувањето и одржувањето на стандардите и инструментите на системите за управување со квалитет од страна на државната служба.

Лицата од ставот 1 на овој член немаат право на глас во Координативното тело.

Член 4

Делокругот на работа на Координативното тело е:

-Координирање и следење на имплементацијата на воведувањето и одржувањето на стандардите и инструментите на системите за управување со квалитет во државната служба;

-Планирање и извршување на координирани активности со цел подобрување на квалитетот на услугите кои ги обезбедува државната служба;

- Планирање и координација на активности во насока на зголемена посветеност на државната служба за утврдување на процеси на работењето кои ќе го подобрат квалитетот на услугите кои се нудат од државната служба;

- Следење на одржувањето на воведениот систем на управување со квалитет и заедничката рамка за процена од страна на органите;

- Изготвување на годишен извештај до Владата на Република Македонија за напредокот на воведувањето на стандардите за управување со квалитетот и заедничката рамка за проценка за изминатата година.

Член 5

Координативното тело на првата конститутивна седница донесува деловник за својата работа.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-4882/1
23 јули 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

2559.

Врз основа на член 54 – а став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ број 8/2005, 150/2007, 35/2011 и 166/2012), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.7.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ЈЗУ ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник, Министерството за одбрана му престанува користењето на движна ствар Метадон, во количина од 14 флакони од по 100 милилитри.

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава без надомест на трајно користење на ЈЗУ Психијатриска болница Скопје.

Член 3

Министерот за одбрана склучува договор со директорот на ЈЗУ Психијатриска болница Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука која се дава на трајно користење.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-4935/1
23 јули 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

2560.

Врз основа на член 54-а став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/2005, 150/2007, 35/2011 и 166/2012), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.7.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Агенција за катастар на недвижности на Република Македонија му престанува користењето на движна ствар - патничко моторно возило и тоа:

Ред. бр.	Опис	Регистерски број	Број на шасија	Инв. бр.	Вредност во денари
1.	Пмв Голф 6	SK-3489-AD	WVWZZZ1KZBW100818	20672	700.000,00

Член 2

Движната ствар од член 1 на оваа одлука се дава на трајно користење, без надоместок, на Министерството за труд и социјална политика.

Член 3

Директорот на Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија склучува договор со министерот за труд и социјална политика со кој ќе се уредат правата и обврските за движната ствар од член 1 на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-4937/1
23 јули 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

2561.

Врз основа на член 49 став 7 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија” бр.135/2007, 18/2011, 148/2011, 95/2012, 79/2013 и 87/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.7.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА РАСАДНИК, КО ВОЈНИК, ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на расадник КО Војник, општина Старо Нагоричане.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена ги има следните катастарски индикации:

Катастарска парцела	Катастарска општина	Викано место	Катастарска култура	Катастарска класа
357/1	Војник	Гробје	нива	4
Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат:			1041 м^2	

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-4940/1
23 јули 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

2562.

Врз основа на член 49 став 7 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/2007, 18/2011, 148/2011, 95/2012, 79/2013 и 87/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.7.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ДВЕ БЕНЗИНСКИ СТАНИЦИ ОПШТИНА РОСОМАН

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на две бензински станици, општина Росоман.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, ги има следните катастарски индикации:

Катастарска парцела бр.	Катастарска општина	Викано место	Катастарска култура	Катастарска класа
4122/0	Росоман	Курија	нива	2
4052/8	Росоман	Копари	Интензивно лозје	1
4052/8	Росоман	Копари	нива	2
4052/8	Росоман	Копари	Интензивен овоштарник	1
2747/0	Сирково	Буниште	Интензивен овоштарник	1
Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат:			11920м^2	

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-4941/1
23 јули 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

2563.

Врз основа на член 49 став 7 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/2007, 18/2011, 148/2011, 95/2012, 79/2013 и 87/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.7.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНА ЦЕНТРАЛА КО НОВО СЕЛО ОПШТИНА ДЕБАРЦА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтаична централа КО Ново Село, општина Дебарца.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена ги има следните катастарски индикации:

Катастарска парцела бр.	Катастарска општина	Викано место	Катастарска култура	Катастарска класа
112/0	Ново Село	Престој	нива	5
Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат:			11641м²	

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-4942/1
23 јули 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

2564.

Врз основа на член 49 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија” бр.135/2007, 18/2011, 148/2011, 95/2012, 79/2013 и 87/2013) и член 25 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/2012), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.7.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ЛИНИСКИ ИНФРАСТРУКТУРЕН ДВОСИСТЕМСКИ 110KV ДАЛНОВОД, ПРИКЛУЧОК НА ХЕЦ СВЕТА ПЕТКА СО ВЛЕЗ - ИЗЛЕЗ НА 110KV ДАЛНОВОД-ТС СКОПЈЕ 3-ХЕЦ КОЗЈАК

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за линиски инфраструктурен двосистемски 110kv далновод, приклучок на ХЕЦ Света Петка со влез-излез на 110kv далновод-ТС Скопје 3- ХЕЦ Козјак.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, ги има следните катастарски индикации:

Катастарска општина	Имотен лист	Катастарска парцела	Место викано	Кататастарска култура	Катастарска класа	Површина	Сопственост
СветаПетка	668	1625/11	Цер	пасиште	6	49	Република Македонија
СветаПетка	668	1625/12	Цер	пасиште	6	49	Република Македонија
СветаПетка	668	1625/13	Цер	пасиште	6	49	Република Македонија
СветаПетка	668	1625/14	Цер	пасиште	6	49	Република Македонија
СветаПетка	668	1625/15	Цер	пасиште	6	49	Република Македонија
СветаПетка	668	1625/16	Цер	пасиште	6	49	Република Македонија
Нова Брезница	364	1/2	Рудина	пасиште	5	49	Република Македонија
Нова Брезница	364	1/3	Рудина	пасиште	5	49	Република Македонија
Нова Брезница	364	1/4	Рудина	пасиште	5	81	Република Македонија
Нова Брезница	364	1/5	Рудина	пасиште	5	81	Република Македонија
Нова Брезница	364	1/6	Рудина	пасиште	5	49	Република Македонија
Вкупно						603м²	

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-4949/1
23 јули 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

2565.

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“, бр. 42/2001, 5/2003, 58/2006, 110/2008, 51/2011 и 151/2011), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.7.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО ВЕЖБОВНАТА АКТИВНОСТ „ИММЕДИАТЕ РЕСПОНСЕ 13” ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

1. За учество во вежбовната активност, „БРЗ ОДГОВОР -2013”, (во натамошниот текст:вежбовната активност) која ќе се одржи во Република Хрватска, во периодот од 15-31 август 2013 година, се испраќаат десет припадници на Армијата на Република Македонија.

2. Финансиските трошоци за реализација на вежбовната активност, во кои влегуваат патните трошоци, сместувањето и исхраната на учесниците се на товар на Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Република Македонија.

3. Подготовките и организацијата на учесниците во вежбовната активност, ќе ги изврши Министерството за одбрана.

4. По завршувањето на вежбовната активност, Министерството за одбрана поднесува извештај пред Владата на Република Македонија.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-5051/1
23 јули 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

2566.

Врз основа на член 8 став 3 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“, бр.55/2013) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011 и 15/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.7.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука како геодетски работи за посебни намени од значење за Република Македонија се утврдуваат работите за изработка на ажурирани геодетски подлоги за планскиот опфат за Урбанистичко планска документација за индустриска зона во КО Алданци, општина Крушево.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-5369/1
23 јули 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

2567.

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 36/11, 51/11 и 15/13), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.7.2013 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАВАЧ И ЧЛЕНОВИ НА КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТОТ И ЗАЕДНИЧКАТА РАМКА ЗА ПРОЦЕНА НА РАБОТЕЊЕТО И ДАВАЊЕТО НА УСЛУГИ ВО ДРЖАВНАТА СЛУЖБА

1. За претседавач на Координативното тело се именува министерот за информатичко општество и администрација, м-р Иво Ивановски.

2. За членови на Координативното тело за управување со системот за управување со квалитетот и заедничката процена на работењето и давањето на услуги во државната служба се именуваат:

- м-р Јулијана Стојанова - раководител на сектор, Министерство за одбрана
- Весна Доревска – помошник на министерот во Секторот за правни работи и управување со човечки ресурси, Министерство за внатрешни работи
- Цулија Богатинова Костовска-раководител на сектор, Министерство за надворешни работи
- Гордана Сусулеска Итиќ-помошник раководител на сектор, Министерство за финансии
- Елисавета Миновска-раководител на одделение, Министерство за економија
- Жарко Ераковиќ – државен советник, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
- Наташа Јаневска - државен советник, Министерство за образование и наука
- Валентина Павловска - државен советник, Министерство за труд и социјална политика
- Сузана Најкова – раководител на сектор, Министерство за локална самоуправа
- Дарко Стефановски, државен советник, Министерство за култура
- Тања Џокиќ, помошник раководител на сектор, Министерство за транспорт и врски
- Билјана Тешева Ѓоргиевска – помошник раководител на сектор, Министерство за животна средина и просторно планирање
- Стојанчо Стојковски - раководител на сектор, Министерство за здравство
- Гоце Боболински - помошник раководител на сектор, Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија
- Атанас Стамнов - раководител на одделение, Секретаријатот за европски прашања
- Елтон Зекири - државен советник, Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор
- д-р Трпе Ристоски – директор на Институт за акредитација на Република Македонија,
- Љупчо Давчев - в.д. директор на Институт за стандардизација на Република Македонија
- Игор Кузевски – раководител на одделение, Дирекција за заштита на личните податоци
- Александра Хаџи Кочкова - раководител на сектор, Комисијата за заштита на конкуренцијата и
- Виктор Арнаудоски - раководител на одделение, Заедницата на единиците за локалната самоуправа.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-4882/2
23 јули 2013 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

2568.

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010 и 6/2012), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 јули 2013 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП „СТРЕЖЕВО“ - БИТОЛА

1. Иса Ибиш се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола, на негово барање.

2. За член на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола, се именува:

- Емини Ѓулџаид.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-4630/3
23 јули 2013 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

2569.

Врз основа на член 20 став (5) од Деловникот за работа на Владата на Република на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/07, 129/07, 157/07, 29/08, 51/08, 86/08, 114/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11, 170/11 и 67/13), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.07.2013 година, донесе

У П А Т С Т В О
ЗА НАЧИНОТ НА ПОСТАПУВАЊЕ ВО РАБОТАТА НА МИНИСТЕРСТВАТА ВО ПРОЦЕСОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на постапување во работата на министерствата во процесот на спроведување на проценката на влијанието на регулативата (во натамошниот текст: ПВР).

Член 2

Процесот на ПВР во смисла на ова упатство, е низа на активности во која се спроведуваат анализи и се прибираат релевантни податоци, врз основа на кои се избира најдоброто решение на проблемот при регулирање на одредена област и за постигнување на целите на предлогот на закон во консултација со засегнатите страни.

Засегнати страни во смисла на ова упатство, се деловните субјекти, синдикатите, стопанските комори, здруженијата и фондации, односно сите физички и правни лица кои можат да бидат засегнати од спроведувањето на предлогот на закон.

2. ПЛАНИРАЊЕ НА ПВР

Член 3

Планирањето на ПВР се врши врз основа на начелото на пропорционалност, согласно кое колку е поголемо очекуваното влијание од предлогот на закон толку е подетална и посеопфатна ПВР.

Планирањето на процесот на ПВР соодвестува со процесот за стратешко планирање.

При планирањето на ПВР, врз основа на анализата на состојбите во областа, дефинирањето на проблемот, анализата на постојната регулатива и на нејзиното спроведување и консултациите со засегнатите страни, министерствата се определуваат за регулаторни или нерегулаторни мерки како можни решенија за проблемите или состојбите кои биле констатирани во областите за кои се надлежни и начините за нивно решавање.

Член 4

Во текот на планирањето на ПВР, од страна на министерствата се утврдува:

- каков ќе биде степенот на можни влијанија од предлогот на закон,
- кои засегнати страни ќе бидат вклучени,
- какви податоци ќе бидат неопходни за да се направат потребните анализи, и
- ресурсите потребни за спроведување на процесот на ПВР.

Член 5

Годишниот план за спроведување на ПВР се подготвува истовремено со подготвување на иницијативите за нацрт Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија.

Годишниот план од ставот 1 на овој член ги содржи следните елементи:

- назив на предлогот на закон;
- краток опис на проблемот;
- цел на предлогот на закон;
- месец на поднесување на предлогот на закон до Владата на Република Македонија (согласно Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија);
- временска рамка за спроведување на ПВР и подготвување на предлогот на закон;
- потребни човечки и финансиски ресурси за спроведување на ПВР;
- засегнати страни кои ќе бидат вклучени во процесот;
- начин на вклучување на засегнатите страни и
- временска рамка за спроведување на консултациите;

Образецот на Годишниот план за спроведување на ПВР е даден во Прилог бр. 1 и е составен дел на ова упатство.

Член 6

Годишниот план за спроведување на ПВР се објавува на Единствениот национален електронски регистар на прописи (во натамошниот текст: ЕНЕР) најдоцна 15 дена по усвојувањето на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија.

Член 7

Од страна на министерствата се следи и ажурира Годишниот план за спроведување на ПВР согласно следењето и ажурирањето на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија и потребите за иницијативи надвор од Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија.

Ажурираните верзии на Годишниот план за спроведување на ПВР се објавуваат на ЕНЕР најдоцна 15 дена по усвојувањето на ажурираната верзија на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија.

3. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПВР

Член 8

За секој од предлозите на закони содржани во Годишниот план за спроведување на ПВР, се подготвуваат план и динамика за спроведување на активностите во рамки на процесот на ПВР.

Член 9

Од страна на министерствата се информираат засегнатите страни најдоцна пет дена пред почетокот на процесот на ПВР и на изготвување на предлогот на закон утврден во Годишниот план за ПВР, преку објавување на известување на ЕНЕР и на веб-страницата на министерството.

Известувањето од став 1 од овој член ги содржи следниве елементи:

- назив на министерството;
- назив на предлогот на закон;
- краток опис на проблемот;
- цел на предлогот на закон;
- временска рамка за изготвување на предлогот на закон;
- начинот на вклучување на засегнатите страни;
- најава за јавен увид и јавна расправа;
- електронски адреси од ЕНЕР и веб-страницата на министерството од кои засегнатите страни ќе можат да ја преземат електронската верзија на предлогот на закон и нацрт Извештајот за ПВР;
- поштенска и/или електронска адреса на која засегнатите страни ќе можат да доставуваат мислења, забелешки и сугестии;
- одговорно лице за контакт во министерството и
- други информации што можат да помогнат за ефективно учество на засегнатите страни во процесот на подготвување на предлогот на закон.

Образецот за известувањето од став 1 на овој член е даден во Прилог бр. 2 и е составен дел на ова упатство.

Член10

Во анализата на проблемот се образложуваат:

- суштината, природата и опсегот на проблемот;
- причините кои придонесуваат за постоење на проблемот;
- постојните прописи во конкретната и сродните области;
- оценката на степенот на спроведување на законите и другите прописи и
- поврзаноста со меѓународните договори ратификувани во согласност Уставот на Република Македонија.

Член 11

Врз основа на резултатите од анализата од членот 10 од ова упатство, се дефинираат цели на предлогот на закон кои треба да бидат конкретни, мерливи, реално остварливи и поврзани со стратешките приоритети и политиките на Владата на Република Македонија.

Член 12

По извршената анализа на проблемот и дефинирањето на целите од страна на министерствата се утврдуваат повеќе можни решенија (опции) за постигнување на утврдените цели.

Во зависност од сложеноста на проблемот, се утврдуваат не помалку од три решенија (опции), од кои едното е опцијата „не прави ништо" која што претставува основа за споредување со другите решенија (опции).

Со анализата на опцијата „не прави ништо" се утврдува какви би биле последиците во одредената област доколку Владата на Република Македонија не интервенира преку предлогот на закон или други мерки.

Член 13

Иницијативата за донесување на предлогот на закон се повлекува од Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија доколку во текот на анализата од членот 12 од ова упатство се утврди дека претходно дефиниран проблем може да се реши со доследно спроведување на постојните прописи или преку воведување на нерегулаторни мерки.

Повлекувањето од ставот 1 на овој член се врши со информација на министерството до Владата на Република Македонија во која се наведуваат причините за повлекување на иницијативата.

Член 14

Од страна на министерствата се утврдуваат трошоците, придобивките и влијанијата од економски, фискален и социјален аспект, како и од аспект на влијанијата врз животната средина за секое од утврдените можни решенија (опции) при што се користат соодветни методи и аналитички алатки.

Од страна на министерствата се прави споредба помеѓу трошоците и придобивките од утврдените можни решенија (опции) и се предлага решението кое најефективно ќе придонесе кон остварување на утврдените цели на предлогот на закон, односно решението со кое ќе се постигне придобивката со најмалку трошоци и несакани ефекти.

Член 15

Предложеното решение од членот 14 од ова упатство се вградува во предлогот на закон.

Од страна на министерствата начелно се анализираат сите аспекти што се однесуваат на спроведување на предложеното решение и дава општ преглед на механизмите и активностите за спроведување, следење и евалуација на препорачаното решение односно на предлогот на закон.

Од страна на министерствата се подготвува детален план за спроведување, следење и евалуација на законот по донесување на законот во Собранието на Република Македонија.

Член 16

На крајот на спроведувањето на ПВР, се изготвува нацрт Извештај за ПВР.

Нацрт извештајот за ПВР содржи преглед на спроведените анализи и извршените консултации со засегнатите страни во текот на целиот процес на ПВР.

Член 17

Нацрт Извештајот за ПВР и предлогот на закон се објавува на ЕНЕР и на веб- страницата на министерството најдоцна 10 дена пред доставување на нацрт Извештајот за ПВР до Министерството за информатичко општество и администрација.

Доколку нацрт Извештајот за ПВР содржи информации кои се сметаат за класифицирани информации, нацрт Извештајот за ПВР не се објавува на ЕНЕР и постоењето на класифицирани информации се означува во соодветната графа на првата страница на нацрт Извештајот за ПВР.

Член 18

Нацрт Извештајот за ПВР, потпишан од државниот секретар на министерството се доставува на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

По добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација, се подготвува предлог Извештај за ПВР, кој го потпишува ресорниот министер.

Член 19

Предлогот на закон и предлог Извештајот за ПВР заедно со останатите материјали, се доставуваат до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

Член 20

По утврдување на предлогот на закон од страна на Владата и добивање на извадок од Нацрт записникот од одржаната седница на Владата на Република Македонија, Извештајот за ПВР заедно со предлогот на закон се објавува на ЕНЕР.

4. КОНСУЛТАЦИИ СО ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ

Член 21

Во зависност од содржината на предлогот на закон и можните влијанија (економски, социјални и врз животната средина) од страна на министерствата се утврдуваат засегнатите страни кои треба да бидат вклучени или консултирани во процесот на спроведување на ПВР и изготвување на предлогот на закон. Вклучување на засегнатите страни се обезбедува во текот на целиот процес, почнувајќи од фазата на планирање, спроведување на процесот на ПВР и подготвување на предлогот на закон.

Член 22

Со засегнатите страни се вршат консултации: по предлогот на закон, по одредени прашања, за можни решенија (опции) или за утврдување на влијанија од предлогот на закон.

Во зависност од очекуваните влијанија на предлог на закон, се утврдуваат еден или повеќе начини за вклучување и консултации со засегнатите страни.

Консултациите со засегнатите страни можат да се вршат на некои од следниве начини:

- јавен увид на предлогот на закон;
- јавни расправи;
- барање за писмени мислења, забелешки и сугестии од засегнатите страни;
- учество во работни групи формирани од страна на министерството или Владата на Република Македонија;
- состаноци со засегнатите страни;
- јавни дебати по одредени прашања преку користење на електронски интерактивни алатки достапни на порталите ЕНЕР и Е-демократија.

Член 23

Со цел структурирани и ефективни консултации со засегнатите страни, од страна на министерствата можат да се подготват прашања, односно теми на кои се води дискусијата или се прибираат мислења, забелешки и сугестии.

Прашањата, односно темите од ставот 1 на овој член се формулираат на јасен и едноставен јазик, разбирлив за сите засегнати страни.

Член 24

Од страна на министерствата може да се одржи јавна расправа во текот на процесот на спроведување на ПВР и изготвување на предлогот на закон.

Заради одржување на јавна расправа, предлогот на закон се става на јавен увид и се издава повик за јавен увид.

Во повикот од ставот 2 на овој член се наведуваат:

- називот на предлогот на закон,
- почетниот и крајниот рок на јавниот увид,
- местото, односно УРЛ адресата на ЕНЕР и веб-страницата на министерството каде засегнатите страни можат да извршат јавен увид и
- датумот на одржувањето на јавната расправа.

Повикот за јавниот увид се објавува на ЕНЕР и на веб-страницата на министерството.

Во зависност од сложеноста на прашањата кои се уредуваат со предлогот на закон, од страна на министерствата се дефинира рокот за спроведување на јавниот увид, кој не треба да биде пократок од 15 денови.

Јавната расправа се одржува по истекот на рокот за јавниот увид.

Од страна на министерствата, најмалку пет дена пред одржување на јавната расправа, се доставуваат покани до засегнатите страни за учество во јавната расправа писмено и/или по електронска пошта и преку објавување на покана на ЕНЕР и на веб-страницата на министерството.

Член 25

Од спроведениот процес на консултации со засегнатите страни во Извештајот на ПВР се внесуваат:

- информациите за начинот на вклучување на засегнатите страни;
- податоците за засегнатите страни кои учествувале во процесот;
- ставовите искажани во текот на јавните расправи, односно мислењата, забелешките и сугестиите добиени по писмен пат или објавени на ЕНЕР и порталот Е-демократија;
- мислењата, забелешките и сугестиите кои биле вградени во предлогот на закон и
- мислењата, забелешките и сугестиите кои не биле прифатени од страна на министерството и образложение за причините.

5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 26

Со влегувањето на сила на ова упатство престанува да важи Упатството за начинот на постапување во работата на министерствата за вклучување на засегнатите страни во постапката за изготвување закони („Службен весник на Република Македонија" бр. 150/11).

Член 27

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-4879/1
23 јули 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

ПРИЛОГ БР. 1

МИНИСТЕРСТВО ЗА ...

ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕ НА РЕГУЛАТИВАТА
ЗА _____ ГОДИНА

Реден број	Назив на предлог законот	Краток опис на проблемот	Цел на предлог законот	Месец на поднесување на предлог законот до Владата	Временска рамка за спроведување на ПВР и подготвување на предлог законот Процесот ќе започне на: ____ и ќе трае до: ___	Потребни човечки и финансиски ресурси за спроведување на ПВР	Засегнати страни кои ќе бидат вклучени во процесот	Начин на вклучување на засегнатите страни	Временска рамка за спроведување на консултациите Процесот на консултации ќе трае од: __ до ____

УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

1. Назив на предлог законот:

(Се внесуваат називите на секој од предлог законите според редоследот предвиден во Годишната програма за работа на Владата).

2. Краток опис на проблемот:

(Се внесува краток опис на проблемот односно причините заради кои се предлага предлог законот).

3. Цел на предлог законот:

(Се внесува целта или целите кои предлог законот треба да ги постигне).

4. Месец на поднесување на предлог законот до Владата

(Се внесува месецот кога предлог законот ќе биде поднесен до Владата согласно Годишната програма за работа на Владата).

5. Временска рамка за спроведување на ПВР и подготвување на предлог законот;

(Се внесуваат датумите или периодот кога се планира да започне и да заврши процесот на спроведување на ПВР и подготвување на предлог законот.)

6. Потребни човечки и финансиски ресурси за спроведување на ПВР

(Се внесуваат потребните човечки и финансиски ресурси кои ќе бидат потребни за спроведување на ПВР).

7. Засегнати страни кои ќе бидат вклучени во процесот

(Се внесуваат засегнатите страни кои биле утврдени во процесот на планирање и кои ќе бидат вклучени во процесот на консултации).

8. Начин на вклучување на засегнатите страни

(Се внесуваат избраните начини на вклучување на засегнатите страни со цел да се обезбеди нивно ефективно учество во процесот на ПВР и подготвување на предлог законот).

9. Временска рамка за спроведување на консултациите

(Се внесува периодот кога се планира да започне и да заврши процесот на консултации со засегнатите страни).

ПРИЛОГ БР. 2

ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПОЧЕТОК НА ПРОЦЕСОТ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРЕДЛОГ ЗАКОН

Назив на министерството		
Назив на предлог законот		
Краток опис на проблемот		
Цел на предлог законот		
Временската рамка за изготвување на предлог законот		
Начин на вклучување на засегнатите страни		
Најава за јавен увид и јавна расправа	Да	Не
Електронска адреса каде засегнатите страни ќе можат да ја преземат електронската верзија на предлогот на закон и нацрт Извештајот за ПВР		
Адреса и/или електронска адреса каде ќе можат да се достават мислењата, забелешките и сугестиите		
Одговорно лице за контакт во министерството		
Други информации		

УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА ПОЧЕТОК НА ПРОЦЕСОТ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРЕДЛОГ ЗАКОН

1. **Назив на министерството**

   (Се внесува називот на министерството)

2. **Назив на предлог законот**

   (Се внесува називот на предлог законот)

3. **Краток опис на проблемот**

   (Се внесува краток опис на проблемот, односно причините заради кои се предлага донесување на предлог законот).

4. **Цел на предлог законот**

   (Се внесува целта или целите на предлог законот)

5. **Временската рамка за изготвување на предлог законот**

   (Се внесува периодот на започнување и на завршување на процесот на ПВР и изработка на предлог законот согласно Годишниот план за спроведување на ПВР).

6. **Начин на вклучување на засегнатите страни**

   (Се внесува избраниот начин или начини на вклучување на засегнатите страни).

7. **Најава за јавен увид и јавна расправа**

   (Се обележува ДА доколку се планира јавен увид и јавна расправа, односно НЕ доколку не се планира јавен увид и јавна расправа).

8. **Електронски адреси од ЕНЕР и веб-страницата на министерството од кои засегнатите страни можат да ја преземат електронската верзија на предлогот на закон и нацрт Извештајот за ПВР**

   (Се внесуваат електронските адреси на ЕНЕР и на веб-страницата на министерството каде засегнатите страни можат да го преземат предлогот на закон и нацрт Извештајот за ПВР).

9. **Поштенска и/или електронска адреса на која засегнатите страни можат да доставуваат мислења, забелешки и сугестии**

(Се внесува поштенската адреса и/или електронската адреса каде засегнатите страни можат да ги достават своите мислења, забелешки и сугестии).

10. **Одговорно лице во министерството и електронска адреса за контакт**

(Се внесува името и презимето на одговорното лице во министерството кое се назначува за лице за контакт во врска со консултациите со засегнатите страни и неговата електронска адреса).

11. **Други информации**

(Се внесуваат други информации што можат да помогнат за ефективно учество на засегнатите страни во процесот на подготвување на предлогот на закон).

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

2570.

Врз основа на член 11 став 2 од Законот за данок на добивка („Службен весник на Република Македонија“ бр.80/93, 33/95, 43/95, 71/96, 5/97, 28/98, 11/01, 2/02, 44/02, 51/03, 120/05, 139/06, 160/07, 159/08, 85/10, 47/11, 135/11 и 79/13), министерот за финансии донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НОРМИРАНИТЕ ИЗНОСИ НА КАЛО, РАСТУР, КРШ И РАСИПУВАЊЕ НА СТОКИ И ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ УТВРДЕНИ ЗА СЕКОЈА СООДВЕТНА ГРАНКА ЗА ДАНОЧНИ ЦЕЛИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат нормираните износи на кало, растур, крш и расипување на стоки и одделни производи за секоја соодветна гранка за даночни цели.

Член 2

Нормираниот износ на кало, растур, крш и расипување се изразува во процент од количината на стоката која во одреден даночен период е набавена, преработена, произведена или продадена.

Нормираните износи на кало, растур, крш и расипување во трговијата се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Нормираните износи на кало, растур, крш и расипување во угостителството се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Нормираните износи на кало, растур, крш и расипување во градежништвото се дадени во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

Нормираните износи на кало, растур, крш и расипување во земјоделството, прехранбената индустрија, производството на тутун и преработки од тутун се дадени во Прилог 4 кој е составен дел на овој правилник.

Нормираните износи на кало и растур при складирање и промет на нафта и нафтени деривати се дадени во Прилог 5 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2014 година.

Бр. 19 – 24658/1
22 јули 2013 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

Прилог 1

Нормирани износи на кало, растур, крш и расипување во трговијата

Ред. бр.	Назив на производот	Единечна мерка	%
	I.ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ		
	А. ОВОШЈЕ		
1.	Банани и егзотично овошје (авокадо, манго и др.)	кг	5,0
2.	Дињи, лубеници	кг	5,0
3.	Јагодесто овошје, свежи смокви, грозје	кг	5,0
4.	Костесто овошје: кајсија, праска, цреша, слива и вишна	кг	5,0
5.	Јужно овошје (портокали, лимуни, мандарини, ананас)	кг	3,0
6.	Јаболки, круши	кг	3,0
7.	Ореви (индиски, бразилски), бадеми, лешници, костени, кикирики, ф'стаци, сончоглед, семки од тиква и останато	кг	2,0
8.	Сушено овошје – сливи, смокви, урми, сушено егзотично овошје (ананас, папаја, авокадо и сл.) и останато	кг	1,5
9.	Останато овошје	кг	2,0
	Б. ЗЕЛЕНЧУК		
1.	Свежа пиперка, свежи домати, краставица и зелена салата	кг	5,0
2.	Брокула, цикорија, роквица, зелка, ќељ	кг	5,0
3.	Блитва, спанаќ	кг	5,0
4.	Свежо цвеќе, (сечено)	парчиња	5,0
5.	Печурки, шампињони – свежи	кг	4,5
6.	Кисела зелка и кисела репка	кг	4,0
7.	Боранија, грашок и тиквици	кг	4,0
8.	Млад компир и морков, целер и магдонос	кг	4,0
9.	Саден материјал	кг	3,5
10.	Компир, морков, кромид, лук, цвекло, праз	кг	3,0
11.	Цвеќе (саксиско)	парчиња	3,0
12.	Шампињони спакувани	кг	2,0
13.	Грав, леќа, грашок, сув грав	кг	1,0
14.	Сушен и конзервиран зеленчук (кромид, лук, морков, оригано, магдонос, ловоров лист)	кг	1,0
15.	Смрзнато овошје и зеленчук - спакувано	кг	0,5
16.	Останат зеленчук	кг	1,0
	В. ЖИТАРИЦИ		
1.	Пченица, јачмен, овес, пченка, и други житарици	кг	0,5
	Г. ОСТАНАТИ ПРЕХРАМБЕНИ ПРОИЗВОДИ		
1.	Сирење сецкано	кг	3,0
2.	Сирење од сите врсти	кг	1,5
3.	Какао, чоколада и производи од чоколада и какао	кг	1,5
4.	Брашно (пченично и пченкарно), пченкарен скроб, кокосово брашно и ориз во рефус	кг	1,5

5.	Оцет (алкохолен, виснки и овошен)	л	1,5
6.	Скиселен зеленчук (сите видови спакувани)	кг	1,5
7.	Мак (семе од афион) и пченични трици	кг	1,0
8.	Леб и пецива од сите врсти	парчиња	1,0
9.	Индустриски колачи	кг	1,0
10.	Производи од брашно-тестенини (непакувани)	кг	1,0
11.	Млеко, свежо, останато	л	1,0
12.	Кисело млеко, јогурт, павлака	л	1,0
13.	Сладолед, креми, путер	кг	1,0
14.	Свежи јајца	парчиња	1,0
15.	Шекер (кристал, во прав, во коцки) ванилин шеќер, декстроза, гликозен сируп и останати шеќери	кг	1,0
16.	Сол за јадење (морска, камена и вакумирана)	кг	1,0
17.	Маст за јадење	кг	1,0
18.	Зејтин за јадење во шишиња	л	1,0
19.	Зејтин за јадење во буриња и други пакувања за продажба од литар нагоре	л	1,0
20.	Лимонска киселина, сода бикарбона, винобран, конзерванс, витамин ц, ванила и останати хемиски производи за прехрамбената индустрија	кг	1,0
21.	Брашно (пченкарно и пченично), пченкарен скроб, кокосово брашно и ориз спакувани	кг	0,5
22.	Производи од брашно (двопек, трошки)	кг	0,5
23.	Пастеризирано млеко – трајно	л	0,5
24.	Јадења готови и полуготови	кг	0,5
25.	Кекси (чајни и чоколадни)	кг	0,5
26.	Кафе од сите врсти – спакувано	кг	0,5
27.	Зачини рефус (црвен пипер, бибер, ким, сусам, цимет) спакувани и чаеви	кг	0,5
28.	Бомбони и други производи од шекер	кг	0,4
29.	Мед	кг	0,3
30.	Останато	кг	0,5
	Д. ПИЈАЛОЦИ – АЛКОХОЛНИ И БЕЗАКОХОЛНИ		
1.	Во шишиња и во друго пакување	л	0,5
	Ѓ. МЕСО, СУВОМЕСНАТИ ПРОИЗВОДИ И РИБА		
1.	Риба жива и риба свежа	кг	4,0
2.	Месо свежо расечено	кг	3,5
3.	Сувомеснати производи и вакумирано месо	кг	2,0
4.	Сувомеснати производи сецкани	кг	2,0
5.	Месо свежо (пердуви, дивеч и др.)	кг	1,5
6.	Риба смрзната	кг	1,0
7.	Риба сушена	кг	1,0
8.	Сланина свежа, лој, свинска маст, чварки (топени)	кг	1,0
9.	Останато	кг	1,0
	Е. СТОЧНА ХРАНА	кг	2,0

	II. ХЕМИКАЛИИ		
1.	Детерѓенти за перење алишта	кг	1,5
2.	Фирнајс, бои и лакови, туткало и кит	кг	1,0
3.	Средства за заштита на билки	кг	1,0
4.	Средства за чистење	кг	1,0
5.	Козметички и хигиенски производи	кг	1,0
6.	Останати хемиски производи	кг	1,0
	III. ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ		
1.	Песок, чакал	$м^3$	3,0
2.	Вар, цемент, гипс, сув гипс спакуван	кг	2,0
3.	Изолационен материјал (стакло и стаклена волна)	$м^2$	2,0
4.	Керамички плочки, цигли, монтажни греди	парчиња	2,0
5.	Мермерни плочи	$м^2$	1,5
6.	Картонска покривка (лепенка за покрив)	$м^2$	1,5
7.	Режана граѓа и плочи од дрво	$м^2$	1,5
8.	Бетонски производи (цефки, плочи, коцки)	парчиња	1,2
9.	Изолациска маса	кг	0,8
10.	Останат градежен материјал освен градежна столарија	кг	1,5
	IV. ОГРЕВ		
1.	Дрвен јаглен рефус	кг	3,5
2.	Јаглен лигнит рефус	кг	2,0
3.	Огревно дрво	$м^3$	1,5
4.	Дрвен јаглен во вреќи	кг	1,0
5.	Останат јаглен	кг	1,0
	V. ОСТАНАТО		
1.	Вештачки губрива рефус	кг	4,0
2.	Оптички леки, оптички влакна и снопови од оптички влакна	парчиња	3,0
3.	Рамка за наочари, наочари и слични производи	парчиња	3,0
4.	Рамно стакло	$м^2$	1,5
5.	Шупливо стакло освен оптичко	парчиња	1,5
6.	Ткаенина на метар	$м^2$	2,0
7.	Светилки разни	парчиња	2,0
8.	Семенска стока	кг	1,5
9.	Носачи на звук и видео записи	парчиња	1,5
10.	Книги, учебници, потрошен канцелариски материјал	парчиња	1,5
11.	Женски чорапи	парчиња	1,5
12.	Останата текстилна стока	парчиња	1,5
13.	Чевли	парчиња	1,5
14.	Стаклени садови, порцелан и керамика	парчиња	1,5
15.	Бела техника, компјутери и компјутерска опрема, акустика, ситни апарати за домаќинство	парчиња	1,5
16.	Расветни тела (метал-стакло-полиестер)	парчиња	1,5
17.	Огледала декоративни	парчиња	1,5
18.	Декорации, украси за домакинство (стакло, керамика, полиестер, дрво)	парчиња	1,5
19.	Керамика и порцелан	парчиња	1,0
20..	Вештачки губрива спакувани	кг	1,0
21.	Метални садови (емајлирани и не емајлирани)	парчиња	1,0
22.	Санитарни уреди од керамика	парчиња	1,0
23.	Детски играчки-разни	парчиња	1,0
24.	Накит од порцелан, стакло, пластика	парчиња	1,0
25.	Батериски влошки	парчиња	1,0
26.	Мебел	парчиња	1,0
27.	Тутунски производи (освен цигари)	кг	0,5
28.	Коноп	кг	0,2
29.	Останато, неспомнато	кг	1,0
	ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО		
1.	Во трговијата на големо калото и растурот се утврдуваат во висина од 50% од утврдените нормативи на кало и растур во трговијата на мало		

Прилог 2

Нормирани износи на кало, растур, крш и расипување во угостителството

1. Износ на расипување и растур при чување во складишта

Ред. бр.	Назив на производот	Единечна мерка	% по бруто/кг
	А. ОВОШЈЕ		
1.	Грозје, лубеница, диња	кг	2,5
2.	Портокал, лимон, банана	кг	2,0
3.	Јаболко, слива, круша	кг	1,5
	Б. ЗЕЛЕНЧУК		
1.	Боранија, грашок, пиперки, домати	кг	2,5
2.	Компир, зелка, кељ, карфиол, тиквички, боранија, моркови, целер, магдонос	кг	2,0
3.	Кромид – црвен и бел	кг	1,5
	В. ОСТАНАТО		
1.	Маст, масло, ориз, тестенини, брашно, оцет, црвена пиперка	кг	1,0
2.	Путер, ореви, лешници	кг	1,0
3.	Шеќер	кг	0,5

2. Износ на кало при чувањето во складиште поради исушување и испарување (се утврдува за периодот на складиштењето)

Ред. бр.	Назив на производот	Единечна мерка	% по бруто/кг
1.	Пршута (до една година стоена)	кг	2,0
2.	Сувомесни производи, колбаси, чадена сланина	кг	1,0
3.	Полутврди и тврди сирења		
	– до 10 дена	кг	0,5
	– подолго од 10 дена	кг	1,5

3.Износ на кало и растур при обработка (отпадоци)

Ред. бр.	Назив на производот	Единечна мерка	% по бруто/кг
	А. ОВОШЈЕ		
1.	Бадем во лушпа	кг	60
2.	Ананас, орев и лешник во лушпа	кг	50
3.	Бадем бланширан	кг	30
4.	Банана, костен	кг	25

5.	Лубеница, диња, тиква	кг	25
6.	Праска	кг	15
7.	Јаболко, кајсија, круша, мандарина, портокал, смоква	кг	20
8.	Лимон, слива, цреша, вишна	кг	15
9.	Капина	кг	10
10.	Малина	кг	10
11.	Сува праска, грозје, јагода, сува кајсија, сува круша, сува слива	кг	8
12.	Сува смоква	кг	5
13.	Суво грозје, орев и очистен лешник	кг	3
14.	Чистен бадем	кг	2
	Б. ЗЕЛЕНЧУК		
1.	Грашок во мешунка	кг	40
2.	Спанаќ, магданос	кг	35
3.	Целер, келъ, аспарагус	кг	30
4.	Блитва, свежо цвекло, лук, праз, ротквица, зелена салата, тиквици	кг	20
5.	Карфиол, свежи краставици, пролетен компир	кг	20
6.	Рен	кг	20
7.	Артичоки, компир (есен-зима), модар домат	кг	15
8.	Свежа зелка, кромид, морков	кг	15
9.	Свежа пиперка, домати, летна салата	кг	10
10.	Зелје	кг	10
11.	Печурки	кг	6
12.	Боранија	кг	6
13.	Лупен грашок, млад компир, кисела зелка, маслинки, зелена салата, пролетна салата	кг	5
14.	Грав и сув зрнест зеленчук	кг	3
	В. СУВОМЕСНАТИ ПРОИЗВОДИ		
1.	Пршут (во бут)	кг	45
2.	Шунка	кг	30
3.	Колбаси и сродни производи	кг	10
4.	Чаден врат (салама)	кг	10
5.	Зимска салама, кулен, чаден колбас	кг	10
	Г. РИБИ, МОРСКИ ПЛОДОВИ		
1.	Јастог	кг	70
2.	Ракчиња за пржење	кг	70
3.	Останата морска и слатководна риба - филирана	кг	50
4.	Ослиќ – филирање без глава	кг	30
5.	Лигњи, орада, зубатац	кг	30
6.	Останата морска риба	кг	25
7.	Школки	кг	20

8.	Ракчиња	кг	20
9.	Слатководна (речна и езерска) риба (пастрмка, крап и други)	кг	15
	Д. СВЕЖО МЕСО		
1.	Телешко месо – коленица	кг	65
2.	Телешка половина	кг	30
3.	Baby beef (месо од поголемо теле)	кг	30
4.	Јунешко месо – филе	кг	30
5.	Свинско месо – француска обработка без нозе	кг	27
6.	Телешко месо милански рез, плешка, јунешко месо милански рез	кг	25
7.	Јунешки преден четврт со флам	кг	25
8.	Јунешки преден четврт без флам	кг	25
9.	Свинска кременадла	кг	25
10.	Телешко месо и бут, јунешко месо - бут	кг	23
11.	Свински бут без нозе, свински милански рез без нозе	кг	20
12.	Телешко месо – каре (обработка лој и бубрег)	кг	15
13.	Јагнешки ситнеж и глава	кг	15
14.	Свинско каре	кг	12
15.	Телешки црн дроб, јунешки стек без лој	кг	10
16.	Јагнешки ситнеж (џигер)	кг	10
17.	Јагнешки ситнеж	кг	7
	Ѓ. ЖИВИНА		
1.	Филирано пилешко месо	кг	40
2.	Пилешко (класична ситна обработка), пилешки црн дроб (срце)	кг	20
3.	Мисирка, гуска, кокошки	кг	20
4.	Пајка	кг	15
5.	Пилешки гради	кг	10
	Е. МЕСО ОД ДИВЕЧ ВО СВЕЖА СОСТОЈБА		
1.	Зајак со кожа	кг	40
2.	Фазан во пердуви	кг	35
3.	Срнечка плешка	кг	30
4.	Срнечки бут	кг	25
5.	Срнечко филе (кожа и коски)	кг	20
6.	Фазан без пердуви	кг	15
7.	Домашни зајаци (оголени), зајак без кожа	кг	10
	Ж. СИРЕЊА		
1.	Овчо, кравјо, козјо сирење	кг	10
2.	Кашкавал (овчи, кравји, мешан)	кг	11
3.	Едамер, трапист, горгонзола	кг	8

4. Износ на кало при процесот на одмрзнување

Ред. бр.	Назив на производите	Единечна мерка	% по бруто/кг
1	Мозок (телешки и јунешки)	кг	15
2.	Црн дроб (телешки, јунешки, пилешки, од живина) и ситнеж (филети и гради)	кг	10
3.	Ослић, филе	кг	10
4.	Морски плодови	кг	9
5.	Јунешко филе, јагнешко месо	кг	9
6.	Разни морски риби	кг	8
7.	Живина	кг	7
8.	Телешко месо без коски, јунешко месо без коски	кг	6
9.	Свинско месо со коски	кг	3
10.	Свинско месо без коски	кг	3

5. Износ на кало при топлинска обработка

Ред. бр.	Назив на производот	Единечна мерка	% по бруто/кг
	А. ПРИ ГОТВЕЊЕ		
1.	Телешки мозок бланширан	кг	45
2.	Филети бланширани	кг	45
3.	Морски плодови	кг	40
4.	Говедско	кг	35
5.	Телешко	кг	35
6.	Јагнешко	кг	33
7.	Свинско	кг	30
8.	Пилешко	кг	25
	Б. ПРИ ПРЖЕЊЕ		
1.	Свинско	кг	37
2.	Говедско	кг	35
3.	Телешко	кг	35
4.	Јагнешко	кг	35
5.	Пилешко	кг	30
	В. ПРИ ПЕЧЕЊЕ		
1.	Пајка	кг	40
2.	Дивеч	кг	40
3.	Говедско	кг	35
4.	Телешко	кг	35
5.	Јагнешки ситнеж	кг	35
6.	Мисирка	кг	33
7.	Пилешко	кг	32
8.	Свинско	кг	30
	Г. ПРИ ВАРЕЊЕ		
1.	Говедско, јагнешко	кг	35
2.	Свинско	кг	35
3.	Телешко	кг	35
4.	Дивеч	кг	35

Прилог 3

Нормирани износи на кало, растур, крш и расипување во градежништвото

Ред. бр.	Производ	Единечна мерка	%
	КРШ		
1.	Шупли блокови	парчиња	3,0
2.	Гитер тула	парчиња	3,0
3.	Монта за исполна и гредички	парчиња	3,0
4.	Керамиди	парчиња	3,0
5.	Битумен и битуменски маси	кг	3,0
6.	Доломитни тули	т	2,5
7.	Стакло	$м^2$	1,5
8.	Санитарни уреди од керамика	парчиња	1,0
9.	Керамика и порцелан	парчиња	0,8
	РАСТУР		
10.	Суров доломит - агрегат	т	6,0
11.	Синтер доломит	т	5,0
12.	Бетонско железо - ребрасто над ф12	кг	5,0
13.	Стакло	$м^2$	5,0
14.	Цинк	кг	5,0
15.	Челични профили, цевки	кг	5,0
16.	Сува градба – гипсани плочи	$м^2$	5,0
17.	Сува градба – sидни и подни профили	$м^2$	5,0
18.	Песок	$м^3$	4,1
19.	Бетонско железо - ребрасто до ф12	кг	4,0
20.	Шљунак	$м^3$	3,9
21.	Разни адитиви	кг	3,7
22.	Агрегат	$м^3$	3,4
23.	Бетонско железо –глатко	кг	3,0
24.	Разредувачи	л	3,0
25.	Цемент (вреќи)	кг	2,7
26.	Лепила за керамика, лепила за малтери и за стиропор	кг	2,3
27.	Битуменска емулзија и разреден битумен	кг	2,1
28.	Гипс	кг	2,0
29.	Вар (хидратантна)	кг	2,0
30.	Цемент (ринфуз)	кг	2,0
31.	Изолациони материјали (стаклена и камена волна, експандиран –епс и ехтрудиран полистерен-хпс)	$м^2$	2,0
32.	Бои и лакови	кг	2,0
33.	Алуминиумски композит алукобонд	$м^2$	2,0
34.	Јаглен	кг	2,0
35.	Битуменски ленти (кован лепенка)	кг	1,8
36.	Пурпен	л	1,5

37.	Силикони	л	1,5
38.	Pc плочи – (поли карбонатни плочи)	$м^2$	1,0
39.	Хемикалии	л	1,0
40.	Арматурни мрежи	кг	1,0
41.	Алуминиумски профили	$м^2$	1,0
42.	Кит	кг	1,0
43.	Лимови (од сите метали)	$м^2$	0,5
44.	Останати градежни материјали	кг $м^2$	1,7
45.	Останато неспомнато	кг $м^2$	1,7
	КАЛО		
46.	Речен песок	кг	7,0
	КРШ		
47.	Pc плочи – (поли карбонатни плочи)	$м^2$	5,0
48.	Алуминиумски композит алукобонд	$м^2$	4,0
49.	Лимови (од сите метали)	$м^2$	3,0
50.	Алуминиумски профили	$м^2$	2,0

Прилог 4

Нормирани износи на кало, растур, крш и расипување во земјоделството, прехранбената индустрија, производството на тутун и преработки од тутун

Ред. бр.	Производ	Единечна мерка	%
1.	Печурки и шумски плодови	кг	20,0
2.	Пиво	л	5,0
3.	Сокови	л	3,0
4.	Брашно	кг	3,0
5.	Производство на живински јајца	парчиња	3,0
6.	Оранжериско производство	кг	3,0
7.	Свежо овошје и зеленчук	кг	3,0
8.	Пченка	кг	2,5
9.	Сончоглед	кг	2,5
10.	Пченица	кг	2,0
11.	Кондиторски производи	кг	2,0
12.	Јачмен и рж	кг	2,0
13.	Леб и пецива		
	- кало и растур при производство	кг	2,0
	- повратна леб и пецива	кг	5,0
14.	Месо и преработки од месо	кг	2,0
15.	Млеко и преработки од млеко	кг	1,5
16.	Конзервна индустрија (преработен зеленчук и овошје)	кг	1,5
17	Винарство		
	- кало при одлежување во буриња	л	5,0
	- загуба на алкохол при дестилација на алкохолот	л	1,0
18.	Откуп и преработка на суров тутун	кг	20,0
19.	Производство на цигари		
	- растур на тутунот како суровина	кг	7,0
	- растур кај цигари	кг	6,0

Прилог 5

Нормирани износи на кало и растур при складирање и промет на нафта и нафтени деривати

Ред. бр.	Производ	Единечна мерка	%
	А. ПРИ СКЛАДИРАЊЕ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ		
	- Летен период		
1.	Сурова нафта	$м^3$	0,1
2.	Специјални бензини	$м^3$	0,2
3.	Моторни, авионски бензини и останати бензини	$м^3$	0,15
4.	Петролеум, горива за млазни мотори, вајтшпирт	$м^3$	0,1
5.	Дизел горива, ектра лесно, лесно	$м^3$	0,1
6.	Масла за ложење	$м^3$	0,025
7.	Масло за подмачкување	$м^3$	0,0
8.	Јагленоводороди од ароматски тип	$м^3$	0,15
	- Зимски период		
9.	Сурова нафта	$м^3$	0,1
10.	Специјални бензини	$м^3$	0,1
11.	Моторни, авионски бензини и останати бензини	$м^3$	0,1
12.	Петролеум, горива за млазни мотори, вајтшпирт	$м^3$	0,1
13.	Дизел горива, ектра лесно, лесно	$м^3$	0,1
14.	Масла за ложење	$м^3$	0,025
15.	Масло за подмачкување	$м^3$	0,0
16.	Јагленоводороди од ароматски тип	$м^3$	0,1
	Б. ПРИ ТРАНСПОРТ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ		
1.	Сурова нафта	л	0,025
2.	Специјални бензини	л	0,05
3.	Моторни, авионски бензини и останати бензини	л	0,05
4.	Петролеум, горива за млазни мотори, вајтшпирт	л	0,025
5.	Дизел горива, ектра лесно, лесно	л	0,025
6.	Масла за ложење	л	0,0
7.	Масло за подмачкување	л	0,0
8.	Јагленоводороди од ароматски тип	л	0,05
	В. УТОВАР НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ		
1.	Сурова нафта	л	0,05
2.	Специјални бензини	л	0,1
3.	Моторни, авионски бензини и останати бензини	л	0,05
4.	Петролеум, горива за млазни мотори, вајтшпирт	л	0,05
5.	Дизел горива, ектра лесно, лесно	л	0,05
6.	Масло за ложење	л	0,01
7.	Масло за подмачкување	л	0,01
8.	Јагленоводороди од ароматски тип	л	0,05
	Г. ИСТОВАР НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ		
1.	Сурова нафта	кг	0,05
2.	Специјални бензини	кг	0,1
3.	Моторни, авионски бензини и останати бензини	кг	0,15
4.	Петролеум, горива за млазни мотори, вајтшпирт	кг	0,1
5.	Дизел горива, ектра лесно, лесно	кг	0,1
6.	Масло за ложење	кг	0,025
7.	Масло за подмачкување	кг	0,025
8.	Јагленоводороди од ароматски тип	кг	0,1
	Д. ПРЕТОВАР НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ		
1.	Сурова нафта	кг	0,1
2.	Специјални бензини	кг	0,0
3.	Моторни, авионски бензини и останати бензини	кг	0,1
4.	Петролеум, горива за млазни мотори, вајтшпирт	кг	0,05
5.	Дизел горива, ектра лесно, лесно	кг	0,05
6.	Масло за ложење	кг	0,0
7.	Масло за подмачкување	кг	0,0
8.	Јагленоводороди од ароматски тип	кг	0,05

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2571.

Врз основа на член 151 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005, 25/2007, 07/2008, 57/2010, 135/2011 и 13/2013 година), постапувајќи по барањето бр.08-УП-113 од 5.7.2013 година Комисијата за хартии од вредност на РМ на седницата одржана на ден 23.7.2013 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА ИНВЕСТИЦИОНЕН СОВЕТНИК

1. Се обновува дозволата за работење на инвестиционен советник на Даниела Трајковска од Скопје издадена со Решение број 07-2567/3 од 16.07.2008 година на Комисијата за хартии од вредност на РМ.

2. Дозволата за работење на инвестиционен советник на Даниела Трајковска се дава за период од пет години од денот на издавањето.

3. Дозволата за работење на инвестиционен советник на Даниела Трајковска престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова Решение во случаите предвидени со член 213 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08- УП1 - 113
23 јули 2013 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

2572.

Врз основа на член 151 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005, 25/2007, 07/2008, 57/2010, 135/2011 и 13/2013 година), постапувајќи по барањето бр. 08-УП-114 од 5.7.2013 година Комисијата за хартии од вредност на РМ на седницата одржана на ден 23.7.2013 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА ИНВЕСТИЦИОНЕН СОВЕТНИК

1. Се обновува дозволата за работење на инвестиционен советник на Жарко Атанасовски од Скопје издадена со Решение број 07-2656/3 од 16.07.2008 година на Комисијата за хартии од вредност на РМ.

2. Дозволата за работење на инвестиционен советник на Жарко Атанасовски се дава за период од пет години од денот на издавањето.

3. Дозволата за работење на инвестиционен советник на Жарко Атанасовски престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова Решение во случаите предвидени со член 213 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08- УП1 - 114
23 јули 2013 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2573.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став 1 алинеја 16, од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11,136/11, 78/13), како и член 28 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“ бр. 143/11, 78/13), постапувајќи по барањето на Друштвото за внатрешна и надворешна трговија ДДС Солар ДОО експорт-импорт Скопје, за издавање на лиценца за производство на електрична енергија, на седницата одржана на 26.7.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. На Друштвото за внатрешна и надворешна трговија ДДС Солар ДОО експорт-импорт Скопје, со седиште на Бул. 12 Македонска бригада бр.86, Скопје, му се издава лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија во мала хидроелектрана МХЕ „Ратево“, општина Берово.

2. Правата и обврските на носителот на лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија се утврдени во Прилог 1, „Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија“, кој што е составен дел на оваа одлука.

3. Жалбата изјавена против оваа одлука не го одлага извршувањето на истата.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 07 – 123/13
26 јули 2013 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

Прилог 1

ЛИЦЕНЦА
ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ
ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Име и седиштето на носителот на лиценцата
Друштвото за внатрешна и надворешна трговија ДДС Солар ДОО експорт-импорт Скопје, со седиште на Бул. 12 Македонска бригада бр.86, Скопје

2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата
Производство на електрична енергија

3. Датум на издавање на лиценцата
26.07.2013 година

4. Датум на издавање на лиценцата
26.07.2048 година

5. Евидентен број на издадената лиценца
ЕЕ - 127.01.1/13

6. Број на деловниот субјект – 6135714

7. Единствен даночен број – 4030006602372

8. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши

Како енергетска дејност производство на електрична енергија на енергија, во смисла на оваа лиценца, се смета производство на електрична енергија што носителот на лиценцата ќе го врши од обновлив извор, во мала хидроелектрана, во обем согласно техничките карактеристики на производниот капацитет.

9. Локација на вршење на енергетската дејност

